Food and Agriculture Organization of the United Nations

# Процедура „Без-приговор” за Република Северна Македонија



Republic of North Macedonia

**Government of the Republic of North Macedonia**

Green development

Republic of North Macedonia

# **Процедура „Без-приговор“** за Република Северна Македонија

Организација за храна и земјоделство на Обединети нации (ФАО)
Будимпешта, 2019

Препорачана цитација:
ФАО 2019. *Процедура „Без-приговор“ за Република Северна Македонија.*
Будимпешта. ФАО

Употребените ознаки и презентирањето на материјалот во овој информативен производ не подразбираат изразување на какво било мислење од страна на Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО) во однос на правниот или развојниот статус на која било земја, територија, град или област, нејзините власти, или во врска со разграничувањето на нејзините граници. Споменувањето на конкретни компании или продукти на производители, без оглед дали се или не се патентирани, не значи дека тие биле одобрени или препорачани од страна на ФАО во корист на други лица од слична природа кои не се споменати.

Ставовите изразени во овој информативен производ се оние на авторот (ите) и не ги одразуваат ставовите или политиките на ФАО.

ISBN 978-92-5-132057-0

© FAO, 2019

Некои права се задржани. Ова дело е достапно под лиценцата Creative Commons Attribution-NonCommercial-ShareAlike 3.0 IGO (CC BY-NC-SA 3.0 IGO; https://creativecommons.org/licenses/by-nc-sa/3.0/igo/legalcode ).

Според условите на оваа лиценца, ова дело може да биде копирано, прераспределено и прилагодено за некомерцијални цели, под услов активноста да биде соодветно наведена. При секоја употреба на ова дело, не треба да се сугерира дека ФАО одобрува одредена организација, производи или услуги. Користењето на логото на ФАО не е дозволено. Ако работата е адаптирана, тогаш таа мора да биде лиценцирана под иста или еквивалентна Creative Commons лиценца. Ако преведе ова дело, тоа мора да го содржи следното одрекување од одговорност, заедно со реченицата: «Овој превод не е направен од Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО). ФАО нема одговорност за содржината или точноста на овој превод. Оригиналното [Јазично издание] е авторско.

Споровите што произлегуваат од дозволата кои не можат да се решаваат, спогодбено ќе се решаваат со медијација и арбитража како што е опишано во член 8 од лиценцата, освен ако не е поинаку пропишано овде. Применливите правила за медијација ќе бидат правилата за медијација на Светската организација за интелектуална сопственост http://www.wipo.int/amc/en/mediation/rules и секоја арбитража ќе биде во согласност со правилата за арбитража на Комисијата на Обединетите нации за меѓународно Трговско право (UNCITRAL).

**Материјали од трети страни**. Корисниците кои сакаат од ова дело да користат материјали преземени од трети лица, како што се табели, графици или слики, се одговорни за утврдување дали дозвола е потребна за таа повторна употреба и за добивање дозвола од носителот на авторските права. Ризикот од побарувања кои произлегуваат од прекршување на која било компонента во сопственост на трети лица во ова дело го сноси исклучиво корисникот.

**Продажба, права и лиценцирање**. Информативните продукти на ФАО се достапни на веб страната на ФАО (www.fao.org/publications) и може да се купат преку publications-sales@fao.org. Барањата за комерцијална употреба треба да се доставаат преку: www.fao.org/contact-us/licence-quest. Прашања за права и лиценцирање треба да се доставаат до: copyright@fao.org.

Насловна фотографија: © Brigada DSGN

# Содржина

Предговор

Признанија

Кратенки ........ viii

Процедура „Без-приговор“ ........ 1

1.Сопственоста од страна на државата и работата на Зелен климатски фонд ........ 2

2.Сопственост од страна на државата во Република Северна Македонија ........ 3

2.1.Назначување на Национален назначен орган ........ 3

2.2.Национален координативен механизам за прашања поврзани со Зелен климатски фонд ........ 5

2.3.Деловник за работа на Стратешкиот советодавен комитет како дел од координативниот механизам за прашања поврзани со Зелен климатски фонд/климатските финансии ........ 8

2.4.Капацитети и потреби на Национален назначен орган и на другите засегнати страни ........ 11

3.Процедура „Без-приговор“ во Република Северна Македонија . 21

Фаза 1: Подигање на свеста и вклучување на засегнатите страни 22

Фаза 2: Стратегиска приоретизација и изработка на програма 33

Фаза 3: „Без-приговор“ и пристап до финансии ........ 29

Фаза 4: Спроведување и научени лекции ........ 46

Референци ........ 47

Анекси ........ 48

Анекс 1: Образец за проектна идеја ........ 49

Анекс 2а: Образец на писмо за потврда на проектна идеја ........ 55

Анекс 2б: Образец на писмо за одбивање на проектна идеја ........ 56

Анекс 2в: Образец на писмо за прифаќање (техничка проверка) 57

Анекс 2г: Извештај од оценување на предлог-проекти во различни фази од процедурата „Без-приговор“ ........ 58

# Предговор

Република Северна Македонија (РСМ), како дел од Рамковната конвенција на Обединетите нации (ОН) за климатски промени (УНФЦЦЦ - UNFCCC), целосно се обврза кон унапредување на климатската акција и спроведувањето на Договорот од Париз. Во таа смисла, Република Северна Македонија ги објави своите Национални придонеси кон намалување на емисиите на $CO_2$ од согорување на фосилни горива за 30%, односно, за 36% на повисоко ниво на амбиција, до 2030 година споредено со вообичаените сценарија. Емисиите на $CO_2$ од согорување на фосилните горива се речиси 80% од вкупните емисии на стакленички гасови во земјата со доминантен удел на следните сектори: испорака на енергија, градежништво и транспорт.

Република Северна Македонија е особено ранлива на климатските промени и во наредните години климатските промени ќе предизвикаат значителни ефекти врз важни сектори, вклучително земјоделство, шумарство, риболов и сточарство, енергетика, транспорт, здравство и туризам, што доведува до релативно високи трошоци за ублажување на и адаптација кон климатските промени. Климатските промени ќе влијаат негативно на природните ресурси на земјата, културното наследство и социо-економскиот развој. Тие ќе предизвикаат загуби кај екосистемите и биодиверзитетот и ќе имаат влијание врз целокупната економија, вклучително и ранливото население (жени, деца, постари лица, лица со посебни потреби и домаќинства со ниски приходи).

Со оглед на високите трошоци за ублажување на и адаптација кон климатските промени и во контекст на глобалната климатска акција и спроведување на Националните придонеси за климатски промени, достапноста на финансиски ресурси за финансирање на итни мерки за ублажување и адаптација е од голема важност за да се обезбеди постигнување на генералната цел на УНФЦЦЦ.

Во тој контекст, Владата на Република Северна Македонија во 2016 година го назначи Кабинетот на заменикот претседател на Владата задолжен за економски прашања и координација со економските сектори за Национален назначен орган (ННО) за соработка со Зелениот климатски фонд (ЗКФ) и преку ННО побара почетен грант од ЗКФ за зајакнување на капацитетите на државата за стратешки ангажман со ЗКФ.

Преку Програмата за подготвеност и подготвителна поддршка, Зелениот климатски фонд и помага на Владата на Република Северна Македонија да ги зајакне механизмите за координација во државата, како и да ги воспостави сите потребни процедури и критериуми за приоретизирање на климатски инвестиции кои државата би ги поднела на разгледување до и можно одобрување од Зелениот климатски фонд.

Овој технички документ е развиен во рамки на Проектот „Поддршка за управување со ефективен национален координативен механизам за Зелениот климатски фонд“, кој ги ангажираше сите релевантни засегнати страни во консултативни процеси со цел приоритизација на стратешките климатски инвестиции кои би се финансирале преку ЗКФ. Во таа смисла, ова

достигнување беше можно благодарение на ангажманот на експертите на Организација за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО) и инпутот на техничкиот персонал на релевантните национални институции вклучени во дискусиите во текот на изминатата година, а особено благодарение на водството на Кабинетот на заменикот претседател на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

Овој технички документ е средство со кое се зајакнува сопственоста од страна на државата за зголемен пристап до климатски финансии и за транспарентно и партиципативно техничко оценување на националните приоритети во ангажманот со Зелениот климатски фонд. Документот е структуриран во три клучни делови, вклучително:

- **Сопственост од страна на државата и функционирање на Зелениот климатски фонд,** кој има за цел да обезбеди општ преглед на принципот на Зелениот климатски фонд за сопственост од страна на државата и општите предлози на Фондот за обезбедување сопственост од државата во контекст на пристапот до климатски финансии;
- **Сопственост од државата во Република Северна Македонија,** кој дава краток опис на институционалната поставеност и релевантните елементи потребни да се обезбеди сопственост од државата во Република Северна Македонија во контекст на ангажманот со Зелениот климатски фонд, вклучително и опис на ННО и предложениот национален координативен механизам за прашања поврзани со ЗКФ;
- **Процедура “Без-приговор” во Република Северна Македонија,** која обезбедува детален опис на постапката преку која предлозите за финансирање преку ЗКФ ќе бидат оценети пред да бидат поднесени на разгледување до ЗКФ, вклучително и улогите и одговорностите на различните засегнати страни, специфичните критериуми, системот за бодување, обрасците и други важни елементи за поддршка на ННО и механизмот за координација.

Дополнителни детали за процедурата и другите елементи за зајакнување на сопственоста од државата се достапни на веб-страницата на Националниот назначен орган на Република Северна Македонија за ЗКФ: www.greendevelopment.mk

Националниот назначен орган за ЗКФ и ФАО, во улога на партнер за имплементација на грантот за подготвеност од Зелениот климатски фонд, се уверени дека овој технички документ одговара на потребите на различните засегнати страни и ќе обезбеди насоки и сите потребни елементи за развој на предлози со висок квалитет во Република Северна Македонија за финансиска поддршка од Зелениот климатски фонд. Се очекува овие напори да придонесат за успешно спроведување на Националните придонеси за климатски промени и на севкупно постигнување на целта на Рамковната конвенција на ОН за климатски промени и Целта за одржлив развој 13 за климатска акција.

# Признанија

Овој технички документ беше подготвен од Регионалната канцеларија на ФАО за Европа и Централна Азија, под раководство на Кабинетот на заменикот претседател на Владата задолжен за економски прашања и координација со економските сектори, во улога на Национален назначен орган за Зелениот климатски фонд.

Техничкиот документ беше развиен во рамки на спроведувањето на првиот грант од Програмата за подготвеност и подготвителна поддршка на ЗКФ, под целокупна координација на г-ѓа Тања Сантиванез, Водечки технички директор и г-ѓа Кармен Аргуело Лопез, Советник на ФАО за Зелен климатски фонд.

Главните автори на извештајот се г-ѓа Наташа Бакреска-Кормушоска, Консултант за национален координативен механизам, г-ѓа Славјанка Пејчиновска-Андонова, Консултант за национални процедури за координација и г-ѓа Кармен Аргуело Лопез, советник на ФАО за ЗКФ.

Авторите би сакале да ја признаат улогата на членовите на Стратешкиот советодавен комитет во рамки на Националниот совет за одржлив развој за нивниот придонес и упатства при подготовката на процедурата „Без-приговор“ за оценување на предлозите за финансирање што треба да се достават до Зелениот климатски фонд.

Конечно, авторите би сакале да изразат благодарност до различните јавни и приватни институции за нивната соработка во дискусиите за изготвување на овој документ и искажаниот интерес да придонесат во унапредување на климатска акција во Република Северна Македонија.

# Кратенки

| | |
|---|---|
| **АС (AE)** | Акредитиран субјект |
| **ИГКТ (CBIT)** | Иницијативата за градење капацитети за транспарентност |
| **КП (CC)** | Климатски промени |
| **КБ (CN)** | Концептна белешка |
| **ГО (CSO)** | Граѓански организации |
| **СДП (DAE)** | Субјект со директен пристап |
| **ЕСС (ESS)** | Еколошки и социјални гаранции |
| **ЕУ (EU)** | Европска Унија |
| **ТК (FP)** | Точка за контакт |
| **ЗКФ (GCF)** | Зелен климатски фонд |
| **ЛС (LSGs)** | Локални самоуправи |
| **НСМУКП (NAMAs)** | Национално соодветни мерки за ублажување на климатските промени |
| **НПМАКП (NAPAs)** | Национална програма со мерки за адаптација кон климатските промени |
| **НПА (NAP)** | Национален план за адаптација |
| **НСОР (NCSD)** | Национален совет за одржлив развој |
| **ННО (NDA)** | Национален назначен орган |
| **ННО-ССК (NDA-SAC)** | Стратешки советодавен комитет на ННО |
| **НПКП (NDC)** | Национални придонеси за климатски промени |
| **ПБп (NoP)** | Процедура „Без-приговор“ |
| **МЖСПП (MoEPP)** | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| **Пр_К (PI_C)** | Критериуми за приоретизација |
| **РСМ (RNM)** | Република Северна Македонија |
| **ЦОР (SDGs)** | Цели за одржлив развој |
| **СЕП (SEA)** | Секретаријат за европски прашања |
| **СРГ (SWG)** | Секторски работни групи |
| **tCO$^2$eq** | Тони еквивалент на јаглероден диоксид |
| **ТРГ (TWG)** | Техничка работна група |
| **УНФЦЦЦ (UNFCCC)** | Рамковната конвенција на ОН за климатски промени |
| **ФАО** | Организација за храна и земјоделство на ОН |
| **4НЦЦЦ (4NCCC)** | Четврти национален план за климатски промени |

# Процедура „Без-приговор“

## 1. Сопственоста од страна на државата и работата на Зелен климатски фонд

Начелото на сопственост од страна на државата е во основата на работата што Зелениот климатски фонд (ЗКФ) ја спроведува во земјите во развој; тоа се рефлектира во инструментот на управување на Фондот кој предвидува дека „Фондот ќе следи пристап кој произлегува од целата држава и ќе промовира и зајакнува ангажман на ниво на целата држава преку ефикасна вклученост на релевантните институции и засегнати страни“(ЗКФ, 2011)[1]. Особено, за Фондот, сопственоста од страна на државата претставува мерка преку која земјите, по пат на консултации со релевантните засегнати страни на национално, локално и на ниво на заедница може да покажат сопственост и посветеност на ублажување на и адаптација кон климатските промени (ЗКФ, 2016)[2]. Фондот исто така смета дека сопственоста од страна на државата е постојан процес, а не фиксна состојба и дека националните назначени органи (ННО) имаат клучна улога за поттикнување развој на институциите и вклучување на засегнатите страни со цел воспоставување ефективен механизам за справување со климатските проблеми.

Значењето на ова начело е вградено во Инвестициската рамка на ЗКФ, во која сопственоста од страна на државата е еден од шесте критериуми. Во рамката се истакнува и важноста на тоа да се гарантира дека предлозите за финансирање се усогласени со Националните придонеси за климатски промени, релевантните национални планови, со политиките на државата за животна средина, со политиките за социјални, родови прашања и со политиките за домородните народи, како и дека во целата постапка се вклучени и релевантните засегнати страни. Според насоките на ЗКФ, начелото за сопственост од државата ги имплицира следните елементи:

а. Земјите во развој да назначат Национален назначен орган (ННО) или точка за контакт, и неговите функции да се засноваат на насоките за најдобри практики на ЗКФ за формирање на ННО.

б. Да дефинираат координативен механизам и процедура „Без-приговор“ согласно опциите за најдобри практики на ЗКФ за координација во земјата со вклученост на повеќе засегнати страни, и да го земат предвид пристапот од долу нагоре во овие процедури за што се нагласува дека ги зајакнува консултациите со засегнатите страни.

[1] Инструмент за управување на Зелениот климатски фонд, 2016

[2] Насоки за сопственост од страна на државата, GCF/B.15/06, 2016

в. Да организираат процес на консултации со засегнатите страни, предводен од Националниот назначен орган/Точката за контакт.

г. Да изработат Работна програма за земјата, која ќе содржи и листа на конкретни проекти, договорена со најважните засегнати страни.

д. Да ја зајакнат клучната улога на Националниот назначен орган/Точката за контакт при изработка на Работната програма /листата на проекти, и меѓу другото, и при мониторинг на влијанието на активностите на Фондот.

ѓ. Да го подобрат директниот пристап до ресурсите на ЗКФ преку националните акредитирани субјекти како ефективен начин за поставување високи стандарди за сопственост од страна на државата.

е. Да изработат Национални планови за адаптација.

Во овој контекст, Одлуката GCF/B.08/45, во Анекс XIII содржи почетни насоки за најдобри практики за избор и назначување на Национални назначени органи (ННО) и Точки за контакт, при што се истакнува дека „Националниот назначен орган или Точката за контакт, најдобро е да се во рамките на министерство или орган којшто е запознат со националниот буџет на земјата, економските политики и нивната поврзаност со приоритетите поврзани со климатските промени и плановите за развој. Покрај тоа, мандатот на избраните институции треба да им овозможи да работат и да влијаат на соодветно комбинирање на економска политика и развојното планирање, со соодветно земање предвид на приоритетите, стратегиите и плановите за климатски промени, енергетика, одржливост и користење на ресурсите од животната средина“(ЗКФ, 2016)[3].
Насоките посочуваат дека органот со право на потпис во име на институциите назначен за Национален назначен орган треба да биде на повисоко ниво. Понатаму, насоките укажуваат дека е неопходно да постои тим кој ќе координира и комуницира со Фондот, ќе управува со оперативните активности и ќе ги предводи активностите за изработка на Работната програма за земјата. За таа цел, ННО треба да обезбеди усогласеност со националните приоритети, стратегии и планови преку обезбедување интеракција и координација со точките за контакт и назначените органи на други фондови, доколку постојат и доколку е соодветно.

Покрај тоа, Одлуката GCF/B.15/45, во Анекс XIV, исто така дава почетни опции за најдобри практики за координација во земјата и вклучување на повеќе засегнати страни, што упатува на фактот дека „Фондот ќе има широк опсег, и ќе финансира активности и за ублажување и за адаптација преку повеќе начини за пристап, меѓу кои и преку приватниот сектор и други иновативни финансиски инструменти. Како резултат, на оперативно ниво, тој ќе вклучува различни сектори на повеќе нивоа на раководење“(ЗКФ, 2016)[4].

Поконкретно, ЗКФ дава критериуми и опции за координација во земјата преку консултативни процеси, како на пример:

[3] Одлука GCF/B.08/45, Анекс XIII, Почетни насоки за најдобри практики за избор и воспоставување на национални назначени органи и точки за контакт, 2016

[4] Одлука GCF/B.15/45, Анекс XIV, Почетни опции за најдобри практики за координација на земјата и вклученост на повеќе засегнати страни, 2011

а. Употреба на постоечки редовни средби во земјата или примена на национално планирање/дијалог, вклучувајќи и споделување на научените лекции и собирање на мислења и гледишта, во контекст на други извори за финансирање активности поврзани со климатските промени;

б. Воспоставување посебен координативен механизам со цел државата да ја идентификува сопствената стратешката рамка во контекст на Фондот, доколку е возможно и доколку националните околности го дозволуваат тоа;

в. Интеграција во други релевантни национални консултативни процеси или во активности изработка на програми што може да овозможи синергии и размена на дополнителни информации, и

г. Надградба на претходното искуство на земјата во координирање на меѓусекторските иницијативи и инвестиции и вклучување други извори на финансирање.

На крај, ЗКФ истакнува дека националните стратегии, плановите и приоритетите за климатските промени се стратешката рамка предвидена во Работната програма за ЗКФ, и со тоа ќе бидат основа за изготвување и спроведување на предлозите за финансирање. Затоа, земјите што добиваат средства можат својата стратешка рамка да ја дефинираат врз основа на постоечките национални планови и стратегии за климатски промени, меѓу кои и Националните соодветни мерки за ублажување на климатските промени (НАМА), Националните планови за адаптација (НАП) и Националните програми со активности за адаптација (НАПА) или пак можат да изработат стратешка рамка за Фондот врз основа на постоечките релевантни национални планови и стратегии.

# 2. Сопственост од страна на државата во Република Северна Македонија

Во согласност со насоките за сопственост над активностите од страна на државата и почетните насоки за назначување на Национален назначен орган (ННО) и воспоставување на координативни механизми, Република Северна Македонија воспостави почетни механизми за соработка со Зелениот климатски фонд и активно работи со различни релевантни засегнати страни, со цел да обезбеди подобар пристап до климатските финансии во земјата.

## 2.1 Назначување на Национален назначен орган

Согласно барањето на ЗКФ доставено до сите земји во развој да назначат Национален назначен орган/точка за контакт, и по одлуката на Владата на Република Северна Македонија од 28.09.2016 година, Кабинетот на заменикот претседател на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и координација со економските сектори беше назначен за Национален назначен орган на Република Северна Македонија.

Во согласност со барањата на Зелениот климатски фонд, ННО на Република Северна Македонија е воспоставен во рамките на надлежен орган со висока стратешка функција, поврзан со централниот буџет, економските политики, развојните приоритети и планови, како и со политиките за одржлив развој.

Кабинетот е одговорен за севкупната координација на економските сектори во рамките на националните институции за соодветно усогласување со националните приоритети, стратегии и политики. Кабинетот е исто така одговорен и за координација и спроведување на активности коишто произлегуваат од договорите на Република Северна Македонија со релевантни меѓународни финансиски и економски институции, за координација на спроведувањето на процесите поврзани со структурни реформи и влијанието на законските акти врз бизнис заедница во земјата.

Заменикот претседател на Владата на Република Северна Македонија е исто така одговорен за политиките за одржлив развој и за координација на спроведувањето и вршење мониторинг на спроведувањето на Агендата за одржлив развој и на Целите за одржлив развој; заменикот претседател му доделува одговорности на Националниот совет за одржлив развој (НСОР), како орган на политичко ниво, и го предводи спроведувањето на релевантните Цели за одржлив развој и целите на земјата; заменикот претседател на Владата е претседавач со Националниот совет за одржлив развој.

Во моментов, тимот на ННО се состои од 4 лица, вработени во Секторот за економски политики, структурни реформи и инвестиции во рамките на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија. Тимот врши работни активности во Кабинетот на заменикот претседател на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања. Покрај тоа, во согласност со заклучокот на Владата од 7.7.2017 година, претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) се назначени како дел од техничкиот тим на ННО, со цел да обезбедат стручни совети за технички прашања поврзани со климатските промени.

Согласно Одлуката на Владата, ННО има мандат да ги координира институциите кои работат на економски политики и развој, планирање, климатски промени, енергетика, одржлив развој, стратегии и приоритети за управување со ресурсите на животната средина, и ја планира координацијата и соодветните насоки на делување. НОО има главна улога при координирање на процесот на климатско финансирање согласно процедурите на ЗКФ.

Главни одговорности на ННО се следниве:

- Делува како Точка за контакт со ЗКФ во Република Северна Македонија;
- Управува со координацијата и вклученоста на засегнатите страни;
- Изготвува/ажурира Работна програма и листа на проекти што се поднесуваат до Фондот;
- Утврдува дали предлог-проектите се усогласени со националните развојни приоритети и врши надзор над процесот на акредитација;
- Објавува јавни повици за проектни идеи;
- Спроведува административни проверки на проектните идеи;
- Обезбедува посветеност и тесна координација со акредитираните субјекти при изработка на целосен предлог-проект;
- Поднесува предлози до Владата за кофинансирање на проекти;
- Издава писма „Без-приговор“ за проекти/програми кои се поднесуваат до ЗКФ;
- Издава писма за номинирање субјекти со директен пристап за ЗКФ;
- Пренесува информации и ја подига свеста на сите засегнати страни во врска со климатското финансирање и ЗКФ;

- Одобрува предлог-проекти во рамките на Програмата за подготвеност и подготвителна поддршка, во координација со Стратешкиот советодавен комитет.

Поради зголемените одговорности на ННО за комуникација со ЗКФ, како и поради одговорностите поврзани со национална координација на процедурите на ЗКФ, во контекст на поголема соработка со ЗКФ и со националните засегнати страни, во наредните години ќе бидат неопходни дополнителни внатрешни напори за реорганизација на тимот на ННО со цел да се обезбеди поефикасно користење на постоечките капацитети.

ННО е одговорен за организирање консултации со сите национални засегнати страни (локалните власти, централни власти, бизнис секторот, граѓанските организации, академските установи итн.), а со цел да се информираат за можностите за соработка со ЗКФ, како и да се изградат соодветни капацитети за развивање предлог-проекти. Треба да се изработи план за комуникација за редовно пренесување на информации до засегнатите страни.

Следејќи ја Политиката за домородни народи, Политиката и Акцискиот план за родови прашања како и другите релевантни процедури и политики на ЗКФ, при дизајнирањето и спроведувањето на активностите на ЗКФ, потребно е да се земат предвид жените и децата како и другите ранливи групи и засегнати страни во неповолна положба.

Улогата на ННО при дистрибуција на информациите за ЗКФ и во постапките за консултација на релевантните засегнати страни се опишани на Слика 1.




**Слика 1.** Консултации и проток на информации

## 2.2. Национален координативен механизам за прашања поврзани со Зелен климатски фонд

Согласно насоките и најдобрите практики обезбедени од ЗКФ во врска со националните координативни механизми, спроведена е анализа на структурата на постоечките координативни тела и спроведени се интервјуа со релевантни засегнати страни. Анализите поаѓаат од фактот дека ННО на Република Северна Македонија е мало тело, но има потенцијал да координира и комуницира со сите заинтересирани страни и да го води процесот на соработка со ЗКФ.

Во оваа смисла, ННО ќе ги координира сите активности поврзани со ЗКФ; сепак треба да се формира Стратешки советодавен комитет (ННО-ССК) како постојана техничка работна група за поддршка на ННО за прашања поврзани со ЗКФ/климатските финансии.

*Стратешки советодавен комитет (ННО-ССК)*

Улогата на ННО-ССК е да му помага на ННО при координација и вклучување на засегнатите страни, при проверка дали предлог-проектите за финансирање се усогласени со националните приоритети и при акредитација на потенцијални субјекти за директен пристап во Република Северна Македонија.

Одговорностите на ННО-ССК во процесот на националната координација во врска со ЗКФ се:

а) Да придонесува при оценување на подобноста на проектите преку обезбедување соодветна експертиза по прашања поврзани со финансирање и климатски промени; да врши непристрасна приоретизација на проектите и да ги разгледува сите аспекти на предлог-проектот;

б) Да обезбеди да нема преклопување со другите активности/проекти поврзани со климатските промени и да помага при координација на донаторите за климатски промени;

в) Да го поддржува ННО при мониторинг на финансиските и техничките аспекти во текот на фазата на спроведување на проектот, како и на аспектите поврзани со еднакви можности за сите;

г) Да го поддржува ННО при проценка на субјекти со директен пристап.

ННО-ССК ќе биде составен од експерти за климатски промени, за управување со проекти и финансирање. Покрај претставниците од ННО (4), во ННО-ССК треба да се вклучат и претставници од следните институции (6):

- Министерство за финансии (МФ) - две лица (2) вклучувајќи ги државниот секретар и државен советник од Секторот за буџетирање и фондови
- Секретаријат за европски прашања (СЕП) – две лица (2) вклучувајќи ги раководителот на Секторот за координација на европски фондови и друга странска помош и еден претставник од Секторот за интеграции
- Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) - две лица (2) вклучувајќи ги државниот секретар и државниот советник за климатски промени

Од клучно значење е да се осигури и официјално назначување на претставници од различни министерства/институции/организации, односно нивното учество во ННО-ССК да биде вклучено во описот на нивното работно место, а со цел да се создаде одговорност и посветеност на иницијативите. Во оваа смисла, важно е да се испита можноста во Законот за климатски промени, кој моментално се работи, да се предвиди обврска институциите учеснички во ННО-СЦК, да ја изменат внатрешната структура со цел именувањето на претставници од нивните институции и нивната конкретна улога во координативниот механизам за прашања поврзани со ЗКФ/климатски финансии да бидат и официјално регулирани.

Со оглед на тоа што предлозите за финансирање до ЗКФ може да ги поднесат само акредитирани субјекти, се препорачува акредитираните субјекти рано да се вклучат во процесот на разгледување, и во тој поглед, ННО-ССК може да одлучи да покани акредитирани субјекти на посебни консултативни состаноци.

Активностите во рамките на ННО-ССК треба потоа да се официјализираат и за истото треба да се извести Националниот совет за одржлив развој.

Врз основа на конкретна проектна идеја /предлог-проект, ННО-ССК иницира технички состаноци за координација со Секторските работни групи (СРГ), по што ќе даде технички совети за понатамошно одобрување на идејата/предлог-проектот.

*Секторски работни групи (СРГ)*

Секторските работни групи (СРГ) може да се формираат на барање на ННО-ССК. Тие можат да учествуваат во процесот на донесување одлуки преку технички дискусии и доставување релевантни информации. Главна одговорност на секторските работни групи е да го советуваат ННО-ССК за технички и оперативни прашања во одредени сектори (транспорт, енергетика, управување со вода, управување со отпад, земјоделство, шумарство, природа и биолошка разновидност, управување со земјиште итн.). За некои од наведените сектори веќе се воспоставени ад-хок работни групи во контекст на Националниот совет за одржлив развој и со цел да се поддржи континуитетот на постоечките процеси, секогаш кога тоа е можно, ННО-ССК ќе соработува со постоечките секторски работни групи.

*Национален совет за одржлив развој (НСОР)*

Националниот совет за одржлив развој претставува следна фаза од координативниот механизам и негова функција е верификација/валидација на сите прашања поврзани со ЗКФ/климатските финансии, како и приоретизиција на предлозите за финансирање, изработка на Работна програма и номинирање субјекти со директен пристап.

Една од најјаките страни на НСОР е тоа што е составен од министри, високи претставници на многу релевантни владини тела, претставници на бизнис секторот и академските установи. Ова создава широка платформа која дава можност за разгледување на сите аспекти на одредена инвестиција што треба да се предложи до ЗКФ како и за донесување одлуки, земајќи ги предвид потребите и очекувањата на сите засегнати страни. Дополнителна вредност на НСОР е што тој исто така претставува и платформа за подигање на свеста за теми поврзани со климатските промени и целите за одржлив развој.

Покрај тоа, НСОР има формирано Техничка работна група (ТРГ) која претставува мултисекторско тело формирано за да обезбедува технички совети и стручно знаење за одредени прашања. ТРГ веќе има претставници од ресорните министерства кои, иако технички не работат исклучиво на климатските промени, сепак ја претставуваат работата на нивните институции во врска со одржливиот развој.

За да се опфатат сите релевантни теми за дискусија за прашања поврзани со ЗКФ/климатски финансии, се препорачува проширување на членството на НСОР со вклучување на следните високи претставници:

- Гувернерот на Народната банка
- Претседателот на Банката за развој на Северна Македонија
- Претседателот на Управниот одбор на Здружението на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС)
- Претставници на граѓански организации

### *Влада*

Владата на Република Северна Македонија е највисок орган за донесување одлуки во земјата, особено за прашања поврзани со ЗКФ/климатските финансии. Од Владата на Република Северна Македонија се очекува финално да ги одобри стратешките области за соработка со Фондот, преку Работната програмата за земјата и идентификуваните проекти во листата со проекти.

Покрај тоа, Владата крајно ги одобрува предлог-проектите и ќе побара од ННО да издаде (или да не издаде) писмо „Без-приговор“ за инвестициите, како и да изготви писма за назначување на субјекти со директен пристап.

На слика 2 подолу е прикажана организацијата и различните нивоа на координативниот механизам за прашања поврзани со ЗКФ/климатски финансии во Република Северна Македонија. Треба да се истакне дека текот на работата и различните чекори и одговорности во рамките на овој координативен механизам се прикажани во Дел 3 на овој документ.

| Легенда | Институција |
|---|---|
| ННО: | Национален назначен орган |
| ННО-ССК: | ННО – Стратешки советодавен комитет |
| СРГ: | Секторска работна група |
| ТРГ: | Техничка работна група во рамките на НСОР |
| НСОР: | Национален совет за одржлив развој |




**Слика 2.** Организациска шема на националниот координативен механизам за прашања поврзани со ЗКФ/климатски финансии во РСМ

## 2.3. Деловник за работа на Стратешкиот советодавен комитет како дел од координативниот механизам за прашања поврзани со Зелен климатски фонд/климатските финансии

Во овој дел претставуваме информации за составот, изборот, роковите и улогите и одговорностите на членовите на Стратешкиот советодавен комитет (ССК), кој го поддржува ННО при оценувањето на предлог-проектите, на Работната програма и на листата на подготвени проекти што се поднесуваат до Фондот од име на Северна Република Македонија.

### *2.3.1 Состав*

Се препорачува Стратешкиот советодавен комитет (ССК) да биде составен од 6 члена, и да има претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање (2 претставници), Министерството за финансии (2 претставници), Секретаријатот за европски прашања (2 претставници) и тоа:

- Државен секретар од Министерството за животна средина и просторно планирање
- Лице за контакт со УНФЦЦЦ
- Државен секретар од Министерството за финансии
- Раководител на Секторот за буџети и фондови, Министерство за финансии
- Раководител на Секторот за координација на европски фондови и друга странска помош, Секретаријат за европски прашања
- Претставник на Секторот за интеграции, Секретаријат за европски прашања

Секој член на ССК треба да има заменик член, и замениците имаат право да учествуваат на состаноците на ССК само преку главниот член, без право на глас, освен ако не се во улога на член. Доколку членот отсуствува од дел или од целиот состанок на ССК, во тоа време неговиот/нејзиниот заменик има улога на член.

На состаноците на ССК учествуваат и сите членови на ННО, при што еден од нив е во улога на претседавач на ССК, покрај улогата на Секретар на ССК.

### *2.3.2 Избор на членови на Стратешки советодавен комитет (ССК)*

Членовите на ССК и нивните заменици се назначуваат со Одлука на Владата на Република Северна Македонија. Покрај тоа, Владата на Република Северна Македонија ќе ја испита можноста во Законот за климатски промени, кој во моментот се изработува, да вклучи обврска институциите учеснички во ННО-СЦК, да ја изменат својата внатрешна структура со цел да предвидат назначување на свои претставници во ННО-СЦК, како и да ја регулираат нивната конкретна улога во координативниот механизам за прашања поврзани со ЗКФ/климатски финансии.

Откако именуваните ќе се известат за нивното учество во ССК, ННО свикува сесија за обука на која ќе се дискутираат конкретните очекувани задачи и различните процедури изработени за проценка на предлог-проекти во земјата.

### *2.3.3. Одржување и локација на состаноци*

ССК се состанува на барање на ННО, штом ќе се добијат проектни идеи/концептни белешки/целосни предлог-проекти кои треба да се оценат и да се утврди дали да добијат писмо „Без-приговор“.

ННО ги известува членовите/замениците на ССК за датумите на состаноците, доставува предлог дневен ред со проектната идеја/концептната белешка/целосниот предлог-проект и сета друга придружна документација за почетно разгледување, согласно утврдените критериуми за различните фази на процедурата „Без-приговор“.

ННО користи електронски средства за пренесување, дистрибуција и чување на документацијата. Тимот на ННО ги собира коментарите на членовите на ССК во врска со предлог-проектите пред одржување на состанокот на Комитетот.

Откако секој член на ССК поединечно ќе го разгледа предлог-проектот, ССК ќе се состане со цел да разговара за мислењата на различните членови и да се усогласи околу севкупната оценка на ССК.

За кворум за работа, на состанокот треба да биде присутен најмалку еден член од секоја од институциите членки. ННО потврдува дали е обезбеден кворум за работа на почетокот на состанокот и во моментот кога се разговара за вкупната оценка. На крајот на секоја средба, ННО составува документ за состанокот, со цел да се следат одлуките на ССК за секој предлог-проект.

### *2.3.4. Работен јазик на Стратешки советодавен комитет*

Иако подносителите на проекти/акредитираните субјекти ги доставуваат проектните идеи/ /концептните белешки/целосните предлог-проекти и придружната документација на англиски јазик, документите за состаноците (и дневниот ред), како и разговорите и дискусиите поврзани со оценката на овие предлози ќе се врши на македонски јазик. Комуникацијата на ННО со подносителите ќе се води на англиски/македонски јазик, во зависност од потребите.

### *2.3.5. Организирање состаноци и водење постојана евиденција на состаноците*

ННО ќе ги организира состаноците на ССК, кои ќе се одржуваат во просториите на Владата во Скопје (освен ако не е поинаку дефинирано од страна на ССК).

Во согласност со применливите практики и релевантните национални политики, ННО ќе одлучи во која мера ќе се објавуваат записниците од состаноците на ССК, но записниците за постапките од сите состаноци ќе се чуваат во ННО во име на ССК.

### *2.3.6. Методологија на одлучување, доверливост и судир на интереси*

Проценката на проектните идеи/концептните белешки/предлог-проектите за финансирање ќе се врши согласно изработени критериуми и систем за оценување. Откако секој член на ССК ќе достави индивидуална проценка/оценка, конечната вкупна оценка ќе се добие како збир на оценките дадени од членовите на ССК, поделен со бројот на членови кои учествувале во оценката, односно се добива просечна оценка за предлог-проектот.

Потоа, следејќи ги утврдените прагови за категоризација (А, Б, и В група во текот на процесот на приоретизација и „подобен “/„неподобен“ во текот на фазата на техничка проверка), предлозите, согласно вкупната оценка, се распределуваат во некоја од овие категории.

Членовите/замениците на ССК треба да ги третираат предлог-проектите како доверливи информации сè до донесување конечна одлука во врска со поднесувањето до ЗКФ. ННО е одговорен за врската и комуникацијата со подносителите на проектите и Секретаријатот на ЗКФ.

На секој состанок, членовите и замениците на ССК се изјаснуваат за потенцијален судир на интереси што можат да го имаат во врска со некој од предлозите што треба да се оценат согласно дневниот ред. Членовите и замениците на ССК нема да учествуваат во разгледување на предлог-проектите со кои имаат судир на интереси.

Со цел ССК да ја изврши својата должност, судир на интереси ќе се смета ситуација во која некое лице или институција се вклучени во изработката на некој предлог-проект, како носители на идејата или како извршен орган. Доколку тие и го оценуваат истиот предлог, може да се пристрасни и/или претставуваат закана за непристрасноста при оценка на предлог-проектот.

## 2.4. Капацитети и потреби на Национален назначен орган и на другите засегнати страни

Согласно анализата на постојните капацитети и структурата на Кабинетот на заменикот претседател на Владата одговорен за економски прашања, во Табела 1 се претставени јаките и слабите страни, можностите и заканите за целосно исполнување на улогата како ННО за ЗКФ во Република Северна Македонија.

**Табела 1.** СВОТ анализа на ННО и на националниот координативен механизам за ЗКФ/климатски финансии во РСМ

| Јаки страни | Слаби страни |
|---|---|
| • Ефикасен и високо мотивиран тим на ННО<br>• ННО е воспоставен во рамките на стручен политички орган на високо ниво<br>• ННО има влијание врз националните економски политики<br>• ННО има плодна комуникација со ЗКФ<br>• Моменталната позиција на ННО во Владата овозможува ефикасна координација со другите засегнати страни<br>• Плодна и продуктивна соработка со приватниот сектор | • Умерена специфична експертиза за климатските промени во моменталната структура на тимот на ННО<br>• Умерени специфични знаења и вештини за управување со проектен циклус за проекти поврзани со климатски промени (ублажување и адаптација)<br>• Недостаток на јасна распределба на одговорностите меѓу различни институции во однос на прашања поврзани со климатските промени и одржливиот развој како и во врска со климатските финансии<br>• Немање време за исклучива посветеност на прашања поврзани со ЗКФ<br>• Немање на систематски, јасни и транспарентни механизми за споделување на знаењата во врска со посветеноста на земјата на климатските промени<br>• Немање на јасно познавање на модалитетите и изворите на климатските финансии во земјата |

| Можности | Закани |
| --- | --- |
| • Распределување на надлежности за спроведување на процедурите на ЗКФ<br>• Развој на капацитетите на ННО и на клучните засегнати страни за процедурите на ЗКФ<br>• Олеснување соработка и координација помеѓу засегнатите страни<br>• Развој на комуникациска платформа и споделување на идентификувани добри практики за соработка со Зелениот климатски фонд<br>• Интегрирање на научените лекции и процедури за прашања во врска со ЗКФ при изготвување на Законот за климатска акција<br>• Изработка на платформа за комуникација – веб-страница со напредни дигитални решенија<br>• Подобрени капацитет и транспарентност на ННО за мониторинг, надзор и насочување на климатските финансии<br>• Подобен капацитет на локалните финансиски институции за климатски финансии и за финансиските инструменти достапни преку ЗКФ<br>• Научени лекции од Програмата за подготвеност и подготвителна поддршка<br>• Вклучување на резултатите од овој проект во претстојниот Закон за климатска акција, во Четвртиот план за климатски промени и во проектот „Иницијатива за градење капацитети за транспарентност“ (CBIT) | • Висок степен на заминување на квалификувани вработени од националните институции<br>• Недостиг на сопственост и посветеност во министерствата на инцијативите доколку се примарно координирани од друго министерство-институција<br>• Недостиг од лице за контакт/сектор за климатски прашања во сите релевантни институции<br>• Политичка нестабилност и влијание врз националната состојба<br>• Проблеми со обезбедување кофинансирање за предлог-проекти<br>• Обезбедување кофинансирање (без зголемување на јавниот долг) |

Генерална одговорност на Кабинетот на заменикот претседател на Владата на Република Северна Македонија е да воспостави соработка со сите владини институции, со приватниот сектор, со релевантните меѓународни финансиски институции и граѓанските организации, а во врска со економскиот развој, структурните реформи и инвестиции, и во оваа смисла, и со климатските инвестиции. Во продолжение претставуваме детални информации за јаките страни, слабите страни, можностите и заканите со коишто во моментов се соочува Кабинетот на заменикот претседател на Владата надлежен за економски прашања во улога на ННО на Република Северна Македонија, како и други релевантни институции на национално ниво кои треба да се усогласат со мандатите и клучните функции со цел соработка со Фондот:

*Јаки страни*

- Ефикасен и високо мотивиран тим на ННО – Иако тимот на ННО во моментов се состои од мал број на директно вклучени вработени, тие се високо мотивирани за ефикасно исполнување на зададените задачи поврзани со ЗКФ, покрај другите одговорности.
- ННО е воспоставен во рамките на надлежен политички орган на високо ниво - Назначувањето на заменикот претседател на Владата на Република Северна Македонија надлежен за економските прашања и координација со економските сектори како Национален назначен орган за Зелениот климатски Фонд (ЗКФ) претставува политичка заложба на високо ниво и овозможува координирање на активностите на ЗКФ од висока стратешка перспектива во рамките на Владата, што го олеснува одлучувањето.
- ННО има влијание врз националните економски политики – Заменикот претседател на Владата на Република Северна Македонија надлежен за економски прашања и координација со економските сектори, е одговорен за одржливиот развој и националните економски политики и е претседавач на НСОР. Тој е одговорен за координација на спроведувањето и мониторинг на Целите за одржлив развој на национално ниво, што овозможува рамномерна координација и фокус на теми со висок приоритет.
- Понатаму, заменикот претседател на Владата на Северна Македонија надлежен за економски прашања има клучна улога во спроведувањето активности во областите поврзани со економски прашања и инвестиции за одржлив развој кои се дел од Работната програма на Владата на Република Северна Македонија, и го поддржува спроведувањето на дефинираните стратешки цели поврзани со економскиот раст. Во овој контекст, Кабинетот на заменик претседателот на Владата на Република Македонија надлежен за економски прашања постојано спроведува низа активности, мерки и проекти насочени кон подобрување на работната клима, деловното опкружување и конкурентноста.
- ННО има плодна комуникација со ЗКФ - Кабинетот на заменик претседателот на Владата на Република Северна Македонија надлежен за економски прашања и координација со економските сектори веќе има воспоставено плодна комуникација со ЗКФ.
- Моменталната позиција на ННО во Владата на Република Северна Македонија овозможува ефикасна координација со другите засегнати страни – Заменикот претседател на Владата на Република Северна Македонија надлежен за економски прашања има висока стратешка

функција поврзана со националниот буџет на земјата, економската политика, развојните приоритети, и обезбедува целосна координација, ги планира политиките за одржлив развој, комуницира со Кабинетот на претседателот на Владата, кабинетите на другите министри, со секторите во Генералниот секретаријат на Владата и со други национални и меѓународни организации. Со цел да обезбеди плодна и продуктивна соработка и со приватниот сектор, Кабинетот на заменикот претседател на Владата на Република Северна Македонија надлежен за економски прашања, исто така секојдневно комуницира и координира активности и со приватниот сектор.

*Слабости*

- Умерена специфична експертиза за климатските промени во моменталната структура на тимот на ННО - Активностите поврзани со ублажување и адаптација на климатските промени зафаќаат повеќе сектори и поради тоа може да влијаат врз многу различни сектори. Сепак, во моменталниот тим на ННО постои умерено ниво на стручност за некои одредени сектори.
- Недостаток на јасна распределеност на одговорностите за климатски промени и одржлив развој како и за климатски финансии меѓу различни институции – Нема јасно разграничување на одговорностите за климатски промени и одржлив развој меѓу Министерството за животна средина и просторно планирање и Кабинетот на заменикот претседател на Владата како ННО. На пример, според Законот за животна средина (член 186) МЖСПП е одговорно за спроведување на одржлив развој. Меѓутоа, според предлогот за институционална поставеност за поддршка на спроведувањето на одржливиот развој во Република Северна Македонија од Националната стратегија за одржлив развој, одговорно политичко тело за спроведување на стратегијата за Одржлив развој е НСОР, со кое претседава заменикот претседател на Владата. Покрај тоа, со ретки исклучоци (на пример кај МЖСПП), другите министерства делегираат службеници или советници да работат со ННО на конкретни прашања за климатски промени, без никакво официјално назначување и/или вклучување на активностите поврзани со климатските промени во описот на работното место на делегираното лице.
- Недостаток на време за исклучива посветеност на прашања за ЗКФ - Членовите на тимот на ННО се редовно вработени во Кабинетот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија. Секој од нив има свои секојдневни обврски/задачи поврзани со други теми и честопати работата за прашања поврзани со ЗКФ ја координираат паралелно со неколку други проекти од различни извори и сектори и немаат доволно време исклучиво да се посветат и фокусираат врз проектите за ЗКФ и прашањата поврзани за климатски промени.
- Недостаток на систематски, јасни и транспарентни механизми за споделување на знаењата во врска со посветеноста на земјата на климатските промени - И покрај тоа што Стратегијата за комуникација за климатски промени и Акцискиот план се изработени во 2013 година и беа спроведени неколку активности со цел ангажирање на клучните засегнати

страни на национално и локално ниво, свеста кај главните засегнати страни за прашања што се однесуваат на климатските промени сè уште е на умерено ниво. Покрај тоа, општа перцепција на клучните засегнати страни е дека во земјата постои недостиг на посветеност за прашањата поврзани со климатските промени. Оваа состојба делумно се објаснува со фактот што информациите се фрагментирани и нема ниту една алатка за индексирање на сите релевантни информации и за систематизирање на знаењата (како на пример, посебна веб-страница, групи на експерти и сл.).

- Недостаток на јасно познавање на модалитетите на климатското финансирање и на изворите во земјата – Климатските финансии се комбинација на национални и меѓународни финансиски ресурси кои се добиваат од јавни и приватни извори. Сепак, и покрај релевантноста на климатските финансии за поддршка на развојот на приоритетни инвестиции за справување со климатските промени, нема јасни познавања за климатското финансирање во земјата. Потенцијалните корисници, особено приватниот сектор, индустријата и некои граѓански организации имаат многу ограничени информации за потенцијалните извори за финансирање на инвестиции за климатските промени.

*Можности*

- Доделување надлежности за спроведување на процедурите на ЗКФ согласно работата во рамките на Програмата за подготвеност - процедурите на ЗКФ за финансирање се релативно сложени и затоа работењето на проектот за подготвеност предвидува можности за зајакнување на релевантни знаења и способности за процедурите на ЗКФ во земјата.
- Развивање на капацитетите на ННО и на клучните засегнати страни за процедурите на ЗКФ - јасниот национален координативен механизам за процедурите на ЗКФ, процесот на приоретизација и процедурата „Без-приговор" ќе придонесат за понатамошно развивање на капацитетите на тимот на ННО за мониторирање, следење и насочување на климатските финансии. Исто така, сите релевантни институции треба да ги зајакнат своите капацитети за ефикасно спроведување на проекти.
- Овозможување соработка и координација помеѓу засегнатите страни - Идентификувањето на сите релевантни засегнати страни и утврдувањето на нивната улога во процедурите на ЗКФ при развивање и спроведување на проекти за климатски промени ќе овозможи ефикасна соработка и ќе го олесни процесот на координација.
- Развој на комуникациска платформа и споделување идентификувани добри практики за соработка со Зелениот климатски фонд, вклучувајќи искуства од други земји, особено од земји од регионот со сличен контекст.
- Интегрирање на научените лекции и процедури за ЗКФ при изготвување на Законот за климатска акција – Лекциите научени од Програмата за подготвеност и подготвителна поддршка можат да се вклучат во претстојниот Закон за климатска акција, односно јасно да се дефинираат улогите на различните засегнати страни во пристапувањето до и спроведувањето на климатското финансирање во земјата.

*Закани*

- Заминување на квалификуван персонал од националните институции - Можноста за работа за меѓународни организации во земјата или во странство придонесува за заминување на квалификуван персонал од владини институции. Поради тоа постои ризик од дисконтинуитет во спроведувањето на проектот и/или потреба од повторно отпочнување со процесите за обука.

- Недостаток на сопственост од државата и посветеност од министерствата за инцијативите, доколку истите примарно ги координира друго министерство/институција - Прашањата поврзани со климатските промени не се приоритетни за сите засегнати страни, што може да создаде тесни грла при координација и споделување на информации. На пример, може да доведе до недоволна вклученост и недостаток на стручно знаење во координативниот механизам за приоретизација и во процесот „Без-приговор“ за предлозите до ЗКФ.

- Недостаток на посебна точка за контакт/сектор за климатски прашања во сите релевантни институции - Во повеќето министерства нема точка за контакт за климатски промени. Поради ова најверојатно нема внатрешна координација во рамките на институцијата за прашања поврзани со климатските промени. Овој јаз се рефлектира и во соработката меѓу различни министерства и создава функционален дисконтинуитет во меѓуминистерските работни групи (Ад-хок групи).

- Политичка нестабилност и влијание врз националниот контекст – прашањата за климатски промени се чувствителни за јавноста и може да се користат политички да се влијае врз националниот контекст. Исто така, процесот за финансирање од ЗКФ може да се загрози поради политичката нестабилност и/или промена на Власта и насоките за дејствување на Владата.

- Тешкотии за обезбедување кофинансирање за предлог-проекти - Со оглед на тоа што нема детални информации за вкупните инвестиции во земјата во врска со климатските промени и фактот што Владата не сака да го зголеми јавниот долг, неопходно е да се идентификуваат извори за кофинансирање како предуслов за доставување предлози за финансирање. Недостатокот на ваквите информации го забавува севкупниот процес.

- Врз основа на улогата и функциите на ННО, предложената структура на координативниот механизам и анализата на јаките страни, слабостите, можностите и заканите за операционализација и функционирање и на ННО и на координативниот механизам, Табела 2 содржи систематизација на улогите и одговорностите на сите засегнати страни што учествуваат во одлучувањето за прашањата поврзани со ЗКФ и нивните потреби за развој на капацитети и задачи што треба веднаш да се спроведат за да се постигне напредок во соработката со Фондот.

**Табела 2.** Мапирање на улогите и потребите за развој на капацитет на ННО и на националниот координативен механизам за прашањата поврзани со ЗКФ/климатски финансии

| Субјект | Улоги и одговорности | Потреби за развој на капацитет | Неопходни конкретни задачи |
|---|---|---|---|
| **Национален назначен орган (ННО)** | • Точка за контакт за ЗКФ во Република Северна Македонија;<br>• Управува со координација и вклученост на засегнатите страни;<br>• Ја следи усогласеноста со националните приоритети при изработка на предлог-проекти и акредитирање;<br>• Спроведува административни проверки на проектните идеи;<br>• Обезбедува посветеност на акредитираните субјекти и тесна координација при изработката на целосен предлог-проект<br>• Објавува јавни повици за проектни идеи<br>• Пренесува информации и ја подига свеста на сите засегнати страни<br>• Одобрува подготвителна поддршка<br>• Издава писма за именување субјекти со директен пристап<br>• Издава писма „Без-приговор“ за проекти/програми<br>• Поднесува предлози за кофинансирање проекти до Владата<br>• Изготвува/ажурира Работна програма и листа на проекти | • Зајакнување на капацитетот на ННО за мониторирање, следење и насочување на климатските финансии<br>• Развивање алатки за поголема транспарентност на процедурите на ЗКФ во земјата<br>• Одредување одговорности за одделни позиции во тимот на ННО<br>• Зајакнување на капацитетите на ННО за управување со проектен циклус во областа на климатски промени (ублажување и адаптација) | • Да се изработат насоки/упатства за функционирање на ННО, како и за процедура „Без-приговор“<br>• Да се изработи упатство за приоретизација на проекти<br>• Да се отвори веб-страница која ќе ги консолидира информациите за приоритетите и процедурите на ЗКФ на државно ниво<br>• Да се ажурира организациската структура на тимот на ННО во однос на човечки ресурси со цел постигнување подобра ефикасност<br>• Да се спроведат напредни обуки за управување со проектен циклус во областа на климатски промени |

| Субјект | Улоги и одговорности | Потреби за развој на капацитет | Неопходни конкретни задачи |
|---|---|---|---|
| **ННО-Стратешки советодавен комитет (ННО-ССК)** | • Придонесува при евалуацијата на подобноста на проектите преку обезбедување соодветна експертиза за финансиски и прашања поврзани со климатски промени; вклучувајќи и аспекти за еднакви можности<br>• Го поддржува ННО при проценка на субјекти со директен пристап<br>• Му помага на ННО за координација и работа со засегнати страни<br>• Изведува непристрасна приоретизација на проектите преку проценка на усогласеноста со националните приоритети<br>• Технички ги разгледува сите аспекти на предлог-проектот (по потреба ја консултира СРГ), и врши мониторинг на финансиските и техничките аспекти при спроведувањето на проектот<br>• Обезбедува непреклопување со други активности/проекти поврзани со климатските промени и помага во координацијата на донаторите за климатските промени | • Зајакнување на капацитетите на ННО-ССК за пристап до климатски финансии и идентификација на кофинансирање за проекти<br>• Зголемување на капацитетите за климатски промени и можности поврзани со ЗКФ | • Да се побара официјално назначување на точки за контакт во сите релевантни владини и национални финансиски институции кои активно и постојано учествуваат во ННО-ССК<br>• Да се спроведат настани за развој на капацитети (обуки, работилници, симулации, конференции и други настани, по потреба) на конкретни теми поврзани со климатска акција и климатски финансии, вклучувајќи и изработка и управување со проект |

| Субјект | Улоги и одговорности | Потреби за развој на капацитет | Неопходни конкретни задачи |
|---|---|---|---|
| **Секторска работна група** | • На барање на ННО-ССК, учествува во техничките дискусии и во проценувањето на проектите преку обезбедување релевантни информации (на ад-хок основа)<br>• Го советува ННО-ССК за технички и оперативни прашања во специфични сектори (транспорт, енергетика, управување со вода, управување со отпад, земјоделство, шумарство, природа и биолошка разновидност, управување со земјиште, здравје, културно наследство, родови аспекти, ранливи групи, итн.). | • Информирање за Парискиот договор, спроведување на Националните придонеси за климатски промени и на целите за одржлив развој<br>• Зголемување на свеста за климатските промени и можностите на КЗФ | • Да се осигури континуитет и посветеност на именуваните членови во постоечките секторски работни групи во рамките на НСОР<br>• Да се спроведат настани за развој на капацитети (обуки, работилници, симулации, конференции и други настани, по потреба) на конкретни теми поврзани со климатска акција и климатски финансии и за изработка и управување со проект |
| **Национален совет за одржлив развој**<br><br>**- НСОР +**<br><br>**(Техничка работна група на НСОР)** | • Го верификува на процесот на приоретизиција во рамките на Работната програма за земјата<br>• Му помага на ННО при координирање на засегнатите страни<br>• Му помага на ННО за подигање на свеста за климатските промени и Целите за одржлив развој | • Зголемување на свеста за климатските промени и начините за климатско финансирање, за изворите и процедурите на ЗКФ<br>• Зголемување на свеста за националните придонеси и за Парискиот договор | • Да се обезбеди вклученост на банки и други финансиски институции во Советот<br>• Да се вклучат претставници од граѓански организации во НСОР<br>• Да се вклучи Здружението на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија (ЗЕЛС) во НСОР |

| Субјект | Улоги и одговорности | Потреби за развој на капацитет | Неопходни конкретни задачи |
|---|---|---|---|
| Влада | • Ја одобрува Работната програма за земјата<br>• Одобрува предлог-проекти за издавање писмо „Без приговор“<br>• Одобрува препорачани директни акредитирани субјекти и издавање на писмо за именување на директен акредитиран субјект | | • Да се поднесуваат до владата редовни и сеопфатни информации поврзани со климатска акција, како и за можностите и процедурите за соработка со ЗКГ |

Оваа анализа содржи важни информации за тоа што е потребно за да се развиваат капацитетите и кои се конкретните оперативни барања за функционирање на ННО и на националниот координативен механизам. Особено, за зголемување на капацитетите на ННО и на координативниот механизам, предложени се следниве клучни активности:

- Треба да се зголеми капацитетот на ННО (број и квалификации на вработените кои работат на прашања поврзани со ЗКФ/климатски финансии);
- Треба да се развиваат капацитети на различни нивоа (на техничко, но и на високо ниво со работилници, сертифицирање и обуки) за теми поврзани со климатските промени и климатските финансии за да се носат информирани одлуки;
- ННО треба да побара официјално именување на членовите на ННО-ССК за да се обезбеди одржливост, целосна посветеност и учество на релевантните институции во различните процеси поврзани со ЗКФ/климатски финансии во земјата. Поточно, треба да се испита можноста во Законот за климатски промени, кој се изработува во моментот, да се вклучи обврска за институциите кои имаат претставници во ННО-СЦК, да ја ревидираат својата структура и да предвидат именување на претставници од овие институции и регулирање на нивната конкретна улога во координативниот механизам за прашања поврзани со ЗКФ/климатски финансии.
- Заменикот претседател на Владата како претседавач на Националниот совет за одржлив развој треба да размисли за проширување на членството и да го вклучи финансискиот сектор, граѓанските организации и други заинтересирани страни кои во моментот не се претставени во ова тело. Ова ќе обезбеди репрезентативно и инклузивно одлучување, со тоа што гарантира дека сите релевантни сектори/засегнати страни се информирани и вклучени во процесот.

# 3. Процедура „Без-приговор“ во Република Северна Македонија

Соработката на Република Северна Македонија со ЗКФ е постојан процес што бара континуитет и циклични напори од релевантните засегнати страни. При тоа, различните процеси ќе бидат организирани околу четири клучни фази, како што е опишано на слика 3 подолу:




**Слика 3.** Фази на соработката со Зелениот климатски фонд во Република Северна Македонија

Овие фази имаат за цел да им ги разјаснат процесите на ЗКФ/климатските финансии во земјата на различните засегнати страни и истите може да се спроведуваат паралелно или последователно, во зависност од контекстот и потребите на земјата и постигнатиот напредок во пристапот до ресурсите на ЗКФ. Секоја од фазите содржи различни чекори за поддршка на ННО и на засегнатите страни со цел постигнување напредок и остварување на целта за унапредување на климатската акција во Република Северна Македонија, преку пристап до климатски финансии, а особено од ЗКФ.

Во текот на овој циклус на соработка, различните институции/засегнати страни ќе имаат различни улоги и одговорности за унапредување на работата потребна во различни фази; сепак, севкупната одговорност за следење и координација останува во Кабинетот на заменикот претседател на Владата, како Национален назначен орган на Република Северна Македонија за ЗКФ. Четирите фази ги вклучат следниве конкретни чекори:

## Фаза 1: Подигање на свеста и вклучување на засегнатите страни

Подигањето на свеста на националните засегнати страни за прашања поврзани со климатска акција и достапните извори на климатски финансии, како и вклучувањето на овие засегнати страни во консултативните процеси не е само приоритет за ЗКФ, туку и потреба да се обезбеди вистинска сопственост и одржливост на климатските инвестиции на национално ниво. Во оваа смисла, оваа фаза ќе ги содржи следните чекори:

**Чекор 1а:** Консултации со повеќе засегнати страни и билатерални дискусии

| | |
|---|---|
| **Временска рамка** | Тековно |
| **Одговорен орган** | ННО со поддршка од НСОР |

Кабинетот на заменикот претседател на Владата ќе бара можности да работи со засегнатите страни на национално и локално ниво, како и со приватниот сектор, граѓанското општество и академските установи при разгледување на приоритетите и потребите на земјата, а со цел да го искористи традиционалното знаење, особено на теми поврзани со практики за адаптација. Во овој контекст, ННО редовно ќе организира консултации на национално/субнационално ниво за да ги собере и систематизира ставовите и очекувањата за работата што ННО ќе ја спроведува со ЗКФ.

Особено, овие консултации ќе бидат уште порелевантни при изработката и ажурирањето на Работната програма со цел таа да биде усогласена со националните приоритети, одразени во Националните придонеси за климатски промени и во други стратешки и политички документи изработени во земјата. За таа цел, ННО ќе го искористи НСОР за да повика повеќе засегнати страни и да ги вклучи во оваа дискусија.

Покрај тоа, на барање, ННО ќе спроведува билатерални состаноци со засегнатите страни со цел да ги сподели специфичностите и можностите за работа со ЗКФ и да истражи конкретни опции за партнерство при изработка и спроведување на климатски инвестиции и поточно, за да идентификува можности за кофинансирање на овие инвестиции.

**Чекор 1б:** Повици за поднесување предлог-проекти

| | |
|---|---|
| **Временска рамка** | Отворен 45 дена |
| **Одговорно тело** | ННО со мислење на ССК |

Со цел изработка и повремено ажурирање на Работната програма и листата на проекти, ННО ќе објавува конкретни повици за проектни идеи со цел да се соберат информации од приоритетните сектори/засегнати страни за потенцијалните проекти што треба да се изработуваат за соработка со Зелениот климатски фонд. За таа цел, ННО ќе го користи изработениот Образец за проектна идеја (Анекс 1). Овој образец за проектна идеја може да го користат сите подносители кои ќе поднесат на разгледување Белешка за проектна идеја до Националниот назначен орган, или пак подносителите заинтересирани да одговорат на конкретен повик за предлози, објавен од страна на ННО.

Повиците за проектни идеи ќе бидат јавни и колку е можно поинклузивни; доколку ННО не утврди поинаку, повиците ќе бидат отворени 45 календарски дена.

## Фаза 2: Стратегиска приоретизација и изработка на програма

По истекот на утврдениот временски рок за доставување предлог-проекти и по приемот на проектните идеи, ННО ќе започне со анализа согласно дефинираните критериуми, како што е утврдено во чекорите 2а и 2б подолу.

**Чекор 2а:** Административна проверка и проценка на подобност

| | |
|---|---|
| **Временска рамка** | Две недели |
| **Одговорен орган** | ННО |

Откако подносителите ќе ги поднесат проектните идеи, ННО спроведува првична административна проверка за да провери дали доставените предлози се во согласност со критериумите утврдени во огласот за предлози и провери дали сите делови од образецот за проектна идеја се пополнети со релевантни информации.

Покрај тоа, за да се обезбеди транспарентност во процесот на избор, ННО ќе ги оценува предлозите според првични критериуми за подобност. ННО ќе им испрати на подносителите писмо за потврда (Анекс 2) за да го потврди прифаќањето на идејата или да го извести подносителот на барањето дека проектната идеја е отфрлена со препораки за подобрување и повторно предавање во подоцнежна фаза.

Само подобните проектни идеи ќе бидат прифатени и вклучени во Работната програмата на Република Северна Македонија за ЗКФ. Подносителите на одобрените проектни идеи ќе бидат охрабрени понатаму да ја разработат идејата во Концептна белешка согласно обрасците на ЗКФ и во консултација со претставниците на ННО.

Проектните идеи се доставуваат на англиски јазик, со употреба на електронскиот образец до кој може да се пристапи на www.greendevelopment.mk согласно насоките дадени од ННО во Повикот за предлози. Деталните насоки за пополнување на образецот за проектна идеја и други информации за работата на Зелениот климатски фонд ќе бидат достапни на веб-страницата на ННО: www.greendevelopment.mk.

ННО ќе ја проверува подобноста на проектната идеја со употреба на критериумите прикажани во Табела 3 подолу.

**Табела 3** Критериуми за проценка за подобноста на проектните идеи

| Критериуми за подобност | Опис |
|---|---|
| **Дали целите на проектната идеја се усогласени со целите на националните политики и стратегии за климатски промени?** | ☐Да<br>☐Не |
| **Дали проектната идеја е усогласена со релевантните национални развојни индикатори, политики и институционални рамки?** | ☐Да<br>☐Не |
| **Дали проектната идеја е во согласност со најмалку една од осумте стратешки области на ЗКФ?** | ☐Да<br>☐Не |
| **Дали проектната идеја обработува прашања релевантни за вклучување на родовите аспекти (и на други ранливи групи, доколку е применливо)? Дали опишува како отпорноста/ублажувањето на климатските промени подеднакво влијае на мажите и жените? Дали потврдува дека жените ќе имаат подеднакви придобивки од активностите на проектот?** | ☐Да<br>☐Не |

Во текот на евалуацијата, ако одговорот на барем едно од четирите прашања за поднесената проектна идеја е НЕ, ННО ќе ја одбие проектната идеја со препораки за подобрување и евентуално повторно поднесување во подоцнежна фаза или во наредните повици за доставување предлог идеи.

Проектните идеи кои ги исполнуваат критериумите за подобност во Табела 3 (т.е. се сметаат за подобни), преминуваат во Чекор 2б, односно се вклучуваат во Работната програма и се категоризираат според Критериумите за приоретизирање (Пр_К).

**Чекор 2б:** Стратешка приоретизација и изработка/ажурирање на Работната програма за земјата

| | |
|---|---|
| **Временска рамка** | Две недели |
| **Одговорен орган** | ННО+ССК |

Откако ННО ќе ги добие проектните идеи/концептни белешки и ќе се спроведе административна проверка и проценка на подобност, ННО и ССК, а по потреба и Секторските работни групи, ќе го започнат процесот на приоретизација врз основа на дефинираните Критериуми.

Целта на различните фази во оваа процедура е темелно да се провери квалитетот на проектните идеи преку приоретизација на проектните идеи, така што подносителите на проекти/акредитираните субјекти ќе можат да изработат концептни белешки (КБ) и целосни предлог-проекти за финансирање кои содржат доволно елементи од стратешките приоритети на државата и имаат стратешки пристап. Поради тоа, при оваа постапка се користат 8 критериуми за приоретизација на проектните идеи без тежински фактор (Пр_К1-Пр_К8) имајќи предвид дека тие треба да се состојат од најмногу 5 страници и ќе содржат ограничени податоци/информации. За техничка проверка на концептните белешки ќе се користи друг пакет од 16 критериуми со различни тежински фактори бидејќи тие се составени од најмногу 20 страници и имаат и дополнителни документи во прилог на концептната белешка.

Треба да се истакне дека во случај кога ННО ќе добие концептна белешка или целосен предлог-проект за финансирање (во образец на ЗКФ) од национална институција или меѓународен акредитиран субјект (како одговор на отворен повик или спонтано доставување), ННО ги спроведува сите фази за обезбедување на квалитет во согласност со оваа процедура, без оглед на степенот до кој е разработен предлог-проектот. Генерално, со цел да се обезбеди поефективен процес, подносителите на проектот/акредитираните субјекти се повикуваат прво да достават проектна идеја. Понапредните предлози не се отфрлаат веднаш, но се подложни на процедурата опишана во овој документ која ја спроведува ННО (административна проверка и проверка на подобноста) и на процедура на приоретизација, која ННО ја спроведува со поддршка од ССК.

Чекорот приоретизација подразбира подготовка на листа со предлог-проекти според критериуми кои се главно поврзани со нивото на подготвеност на предлог-проектот и неговата усогласеност со Рамката за резултати на ЗКФ и контекстот на земјата. Процесот на приоретизација се заснова на 8 клучни критериуми (Пр_К1 - Пр_К8), дадени во Табела 4 подолу, во која има и опис на секој критериум, индикатори што ќе се користат за оценување на секој критериум и скала за оценување од 0 (минимум) до 3 (максимум) поени по критериум. Една проектна идеја може вкупно да добие најмногу 24, а најмалку 0 поени.

По спроведувањето на процедурата за приоретизација, проектните идеи се групираат во три категории според добиениот резултат/бодови во зависност од квалитетот/комплетноста/издржаноста на предлог-проектот:

**Група А (резултат од 17-24 поени)** – Проектни идеи/концептни белешки со повисок квалитет, категоризирани како прв приоритет за поднесување до ЗКФ.

**Група Б (резултат од 8-16 поени)** – Проектни идеи со одреден квалитет, но сепак бараат дополнителна доработка пред да бидат поднесени.

**Група В (резултат од 0-7 поени)** – Проектни идеи што се подобни, но бараат значителна доработка пред да бидат поднесени до ЗКФ за почетно разгледување.

Подносителите на прифатени проектни идеи ќе бидат охрабрени да разработат Концептна белешка во консултација со ННО. ННО ќе им помогне на подносителите на проектот да го идентификуваат најсоодветниот акредитиран субјект од списокот на акредитирани субјекти и нивните соодветни капацитети; овие акредитирани субјекти ќе развиваат партнерство со националните институции со цел да го финализираат предлог проектот и да даваат насоки за проектниот циклус на ЗКФ.

Покрај тоа, доколку акредитиран субјект достави до ННО проектна идеја/концептна белешка, ННО исто така ќе му препорача на АС потенцијални национални партнери/извршни партнери за предложената инвестиција.

Алатникот на ЗКФ, насоките за изработка на проекти, Рамката за резултати на ЗКФ, стандардите за еколошки и социјални гаранции и за родовите политики ќе бидат дадени во Повикот за предлог-проекти и постојано ќе бидат достапни на веб-страницата на ННО (www.greendevelopment.mk). Подносителите можат да изберат да поднесат предлог-проекти во секоја од 3-те фази на развој: проектна идеја, концептна белешка или целосен предлог-проект. Образецот за овие документи исто така ќе биде достапен на веб-страницата на ННО.

**Табела 4** Фаза 2: Критериуми за приоретизација на проектни идеи

| Бр. | Критериуми | Опис на критериумите | Индикатор | Критериуми за оценување | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пр_К 1** | **Пристап на проектот** | Опис на проблемот и климатска оправданост, цели на проектот, главни активности на и очекувани резултати. Кохерентност помеѓу проблемот /пречките и очекуваните резултати. | Кохерентен опис на проблемот и на климатската оправданост, на целите на проектот и на очекуваните резултати (нивото на кохерентност и релевантни податоци дадени во проектната идеја). | 3 | Јасно, добро објаснет проблем и влијание на климатските промени и добро дефинирани цели и очекувани резултати на проектот (високо ниво на кохерентност) |
| | | | | 2 | Нема информации / податоци за подобро да се разбере кохерентноста помеѓу климатскиот проблем/предложените активности и очекуваните резултати (просечно ниво на кохерентност) |
| | | | | 1 | Нема информации и податоци (ниско ниво на кохерентност) |
| | | | | 0 | Има сериозен недостаток на релевантни податоци за да се разбере пристапот на проектот |
| **Пр_К 2** | **Капацитет на субјектите за спроведување на проектот** | Опис на релевантни вештини за управување и организација на субјектите што го спроведуваат проектот/партнерите за спроведување на проектот | Ниво на искуство и вештини на субјектите / партнерите за спроведување на проектот (овој индикатор е релевантен за целиот конзорциум кој работи на спроведување - за сите партнери) | 3 | Големо искуство, над 5 годишно искуство во управување со слични проекти (со слична големина и трошоци) и реализирани повеќе од 2 слични проекти |
| | | | | 2 | Средно искуство, тригодишно искуство и реализирани најмалку 2 слични проекти (со слична големина и трошоци) |
| | | | | 1 | Мало искуство, двегодишно искуство и реализирано најмалку 1 сличен проект (со слична големина и трошоци) |
| | | | | 0 | Нема капацитет, помалку од тригодишно искуство и/или нема реализирано сличен проект (со слична големина и трошоци) |
| **Пр_К 3** | **Проценето времетраење на проектот** | Дефиниран временски распоред на предложените активности на проектот | Временска рамка за времетраење на предложените активности | 3 | Долгорочен (над 8 години) |
| | | | | 2 | Среднорочен (над 5 години) |
| | | | | 1 | Краткорочен (2–5 години) |
| | | | | 0 | Краткорочен (помалку од 2 години) |

| Бр. | Критериуми | Опис на критериумите | Индикатор | Критериуми за оценување | |
|---|---|---|---|---|---|
| Пр_К 4 | **Статус на проектната идеја** | Идентификација на нивото на разработка на проектната идеја (рана фаза, изработена концептна белешка/изработен целосен предлог- проект) | Моментален статус на проектната идеја/ Степен на разработка | 3 | Изработен целосен предлог- проект |
| | | | | 2 | Изработена концептна белешка |
| | | | | 1 | Изработена проектна идеја |
| | | | | 0 | Слабо развиена проектна идеја |
| Пр_К 5 | **Потенцијал да го поддржи националниот процес за пристапување во ЕУ** | Број на одредници на ЕУ што треба да се постигнат со имплементацијата на проектот и негово влијание | Број на одредници на ЕУ што треба да се постигнат со имплементацијата на проектот и негово влијание | 3 | Сериозно го поддржува постигнувањето на одредниците на ЕУ во повеќе од 3 поглавја за преговори |
| | | | | 2 | Средно го поддржува постигнувањето на одредниците на ЕУ (1-2 поглавја за преговори) |
| | | | | 1 | Малку го поддржува постигнувањето на одредниците на ЕУ (одредници во само едно поглавје) |
| | | | | 0 | Нема потенцијал да го поддржи националниот процес на пристапување во ЕУ |
| Пр_К 6 | **Цели на проектот во согласност со националните приоритетни Цели за одржлив развој** | Образложение како проектот се вклопува во Целите за одржлив развој | Број на цели за одржлив развој врз кои ќе влијае или чие спроведување ќе го поттикне проектот | 3 | Над 5 цели за одржлив развој |
| | | | | 2 | 3 цели за одржлив развој |
| | | | | 1 | 2 цели за одржлив развој |
| | | | | 0 | Една или помалку цели за одржлив развој |
| Пр_К7 | **Кохерентност со националните стратегии за климатски промени** | Опис на сопственоста од државата или/и капацитет за спроведување на финансиран проект или програма (политики, климатски стратегии и институции) | Кохерентност и усогласеност на целите на проектот со приоритетите кои веќе се наведени во националните климатски политики и стратегии | 3 | Висока усогласеност и кохерентност со климатските политики, стратегии и приоритети на земјата |
| | | | | 2 | Делумна усогласеност и кохерентност со климатските политики, стратегии и приоритети на земјата |
| | | | | 1 | Несоодветна усогласеност на проектот со националните приоритети |
| | | | | 0 | Многу мала усогласеност на проектот со националните политики |

| Бр. | Критериуми | Опис на критериумите | Индикатор | Критериуми за оценување | |
|---|---|---|---|---|---|
| Пр_К 8 | **Потенцијал на влијание (прелиминарна проценка)** | Потенцијал на проектот значително да придонесе за намалување на емисиите или за зголемување на отпорноста (прелиминарна проценка). Наведете го вљанието врз ублажувањето /адаптацијата на КП, со обезбедување споредливи национални одредници | 1. Прелиминарна проценка на потенцијалот за ублажување ($tCO2eq$ во текот на животниот век на проектот).<br>2. Прелиминарна проценка на потенцијалот за адаптација (број на директни и индиректни корисници како % од вкупното население).<br>3. Родова еднаквост и потенцијал за влијание одделно врз жените и мажите, како и врз ранливите групи | 3 | Многу висок потенцијал за ублажување/адаптација (вклучително и врз родовите прашања и ранливите групи) |
| | | | | 2 | Висок потенцијал за ублажување/адаптација (вклучително и врз родовите прашања и ранливите групи) |
| | | | | 1 | Среден потенцијал за ублажување/адаптација (не е претставено влијанието врз родовите прашања и ранливите групи) |
| | | | | 0 | Многу низок потенцијал за ублажување/адаптација (нема влијание врз родовите прашања и ранливите групи) |

Информациите за критериумите за приоретизација прикажани во Табела 4 погоре, ќе ги даде подносителот во Белешката за проектна идеја, која пак е дел од Анекс 1 на овој документ (цел на проектот, кратко образложение на проектот и список на предложени активности на проектот). Критериумите ќе бидат јавни, така што сите подносители ќе имаат информации за тоа како треба да ги претстават одделните елементи. Оценувачот ги собира информациите од доставената проектна идеја и врши проценка врз основа на овие информации; поради тоа, подносителите треба да се погрижат доставените информации да бидат што е можно појасни.

По завршување на приоретизацијата, предлог-проектите се вклучуваат во листата со предлог-проекти и ќе бидат составен дел од Работната програма на Република Северна Македонија. Работната програма ќе биде со важност од 5 години, но ННО ќе ја ажурира листата на проекти на секои 2 години, обидувајќи се да вклучи нови предлози добиени за објавените Повици за предлог-проекти или добиени спонтано од потенцијалните подносители во кое било време.

Работната програма му се претставува на Националниот совет за одржлив развој со цел да ја потврди и да даде препорака за конечно одобрување од страна на Владата на Република Северна Македонија. Заменикот претседател на Владата, во улога на ННО и претседавач на НСОР, го свикува и претседава со состанокот на Советот на кој се разгледува и потврдува Работната програма и листата со проекти.

## Чекор 3а: „Без-приговор“ и пристап до финансии

Со цел да издаде писмо „Без-приговор“ за некој предлог за финансирање, ННО ќе обезбеди предлог-проектите да поминат низ различните дефинирани проверки за квалитет и усогласеност (административна проверка, проценка за подобност, приоретизација и техничка проценка).

**Step 3а:** Техничка проценка на концептни белешки / предлози за финансирање

| | |
|---|---|
| **Временска рамка** | 3-4 недели |
| **Одговорен орган** | ННО +ССК |

Концептната белешка изработена од акредитиран субјект и од извршни субјекти се доставува до ННО за техничка проценка. Оваа проценка ја спроведува ННО со поддршка на ССК, а по потреба се вклучува и СРГ. Во прилог на концептната белешка потребно е да бидат доставени и следниве документи:

1. Мапа на која е означена локацијата на проектот/програмата,
2. Дијаграм за опис на теоријата на промени,
3. Економски и финансиски модел со клучни претпоставки и потенцијални сценарија за вонредни ситуации,
4. Пред физибилити студија,
5. Извештај од евалуација на претходни проекти (доколку проектот реплицира претходни инвестиции)
6. Резултати од анализата на еколошки и социјални ризици

Подносителите можат да одлучат да достават целосно разработен предлог за финансирање кој секако ќе биде оценет согласно критериумите за подобност, приоретизација и техничка проценка, со цел да се вклучи во листата на проекти од Работната програма и да добие писмо „Без-приговор“ од ННО.

Техничката проценка на Концептната белешка /предлог-проектите за финансирање се врши со употреба на критериумите дадени во Табела 5 подолу. Важно е да се истакне дека според применетата методологијата со повеќе критериуми, секој критериум има различна тежина, со цел да му се обезбеди на оценувачот подобра диференцијација меѓу различните проекти преку доделување различни оценки врз основа на важноста на критериумите.

Во оваа смисла, сите 6 главни критериуми за техничка проценка (чекор 3а) немаат еднаква тежина (важност) во текот на приоретизацијата, бидејќи некои од нив се исклучително важни за да се истакне климатската оправданост на проектите (на пример, потенцијалот за влијание врз адаптација/ублажување на КП и долгорочните промени што ќе ги донесе проектот). Во овој контекст, за првите два критериуми потребно е да се опише како проектот ќе катализира влијание и по завршувањето на еднократната инвестиција и како проектот ќе постигне долгорочен нискојаглероден развој и отпорност на климатските промени во Република Северна Македонија. Оваа информација е од голема

важност за соработката со ЗКФ, бидејќи тоа е основна цел на Фондот. Затоа и Република Северна Македонија ќе даде голем приоритет на активностите кои имаат потенцијал да обезбедат долгорочни влијанија, и поради тоа, овие два критериуми добиваат по 5 поени.

Критериумите „потенцијал за одржлив развој“ и „релевантност за потребите на државата“ се исто така многу важни, за да се осигури дека проектот ги одразува соодветно потребите на државата и особено потребите на целните популации. Проект што покажува потенцијал за одржлив развој и капацитет да создаде придружни придобивки (еколошки, социјални и економски) ќе биде многу релевантен за земјата и затоа, овие два критериуми добиваат по 4 поени.

Критериуми со помала тежина се „сопственост од државата “ и „ефикасност и ефективност“ со по 3 бода, не затоа што овие критериуми не се толку важни како другите, туку затоа што со примена на оваа процедура и обезбедување квалитет на проектот, ННО и координативниот механизам веќе гарантираат дека сите активности се усогласени со приоритетите на земјата и се ефикасни и ефективни во најголема можна мера.

За секој главен критериум има дополнителни подкритериуми за подетално да се анализираат карактеристиките на проектот, планираните активности, придобивките и влијанијата. Со примена на подкритериумите, проектите ќе бидат подобро и построго рангирани по завршување на приоретизацијата. На овој начин, со примена на 6 главни критериуми и на 15 подкритериуми, ќе се постигне праведна, конзистентна и објективна проценка на предлог-проектите.

**Табела 5** Табела за бодување на критериумите за приоретизација

| Критериуми | Под-критериуми | Макс. поени за подкритериуми | Вкупен резултат/ поени за секој критериум |
|---|---|---|---|
| К1 Потенцијал за влијание на проектот (тежина на критериумот 5) | К1.1 | 15 | 30 |
| | К1.2 | 15 | |
| К2 Потенцијал за влијание на проектот (тежина на критериумот 5) | К2.1 | 15 | 45 |
| | К2.2 | 15 | |
| | К2.3 | 15 | |
| К3 Потенцијал за одржлив развој (тежина на критериумот 4) | К3.1 | 12 | 36 |
| | К3.2 | 12 | |
| | К3.3 | 12 | |
| К4 Релевантност за потребите на земјата (тежина на критериумот 4) | К4.1 | 12 | 36 |
| | К4.2 | 12 | |
| | К4.3 | 12 | |

| Критериуми | Под-критериуми | Макс. поени за подкритериуми | Вкупен резултат/ поени за секој критериум |
|---|---|---|---|
| К5 Сопственост од државата (тежина на критериумот 3) | К5.1 | 9 | 27 |
| | К5.2 | 9 | |
| | К5.3 | 9 | |
| К6 Ефикасност и ефективност (тежина на критериумот 3) | К6.1 | 9 | 27 |
| | К6.2 | 9 | |
| | К6.3 | 9 | |

Максималниот резултат што една концептна белешка/предлог за финансирање може да го добие после техничката проценка е 201 поени (претставено на табелата подолу).

Секој член на ССК треба да изврши индивидуална проценка на добиената концептна белешка во рок од две недели, по што ННО свикува средба на ССК со цел да се разгледаат индивидуалните оценки и да донесат конечна одлука врз основа на просечната оценка од секој оценувач. Врз основа на ова, ННО ќе се сретне со Акредитираниот субјект за да договори претставување на предлог-проектот пред Националниот совет за одржлив развој и дополнително да го разработи предлог-проектот за финансирање.

После техничката проценка на концептните белешки/предлозите за финансирање:

- Предлозите кои добиле меѓу 130-201 поени се сметаат за прифатени,
- Подносителите на предлози кои добиле меѓу 80-129 поени добиваат конкретни препораки за подобрување и од нив ќе биде побарано повторно да го поднесат предлог-проектот што е можно побргу; додека,
- Од подносителите на предлози со резултат помеѓу 0 и 79 поени се бара темелно да го преработат образложението на предлог-проектот.

По техничката проценка, се разгледува листата на проекти за да се утврди дали некои предлог-проекти ќе се поместат погоре или подолу во рамките на трите утврдени групи на приоритетни проекти во текот на Фаза 2б (Група А/Б/В). Оваа категоризација е индикативна и може да биде привремена затоа што предлозите можат да се движат (нагоре или надолу) и да излезат од некоја од групите согласно направените подобрувања и квалитет на предлог-проектот.

Извршните партнери, заедно со акредитираниот субјект, ќе изработат целосен предлог-проект во согласност со критериумите за инвестирање на ЗКФ и ќе побараат од ННО да издаде писмо „Без-приговор“ со цел официјално да го доставуат предлог-проектот за финансирање до Секретаријатот на ЗКФ. Треба да се истакне дека според процедурите и регулативите на ЗКФ, сите предлози за финансирање поднесени до ЗКФ треба да имаат во прилог писмо „Без-приговор“. Предлог-проектите поднесени без писмо „Без-приговор“ нема да бидат разгледани од ЗКФ сè додека не се исполни овој услов.

**Табела 6** Критериуми, подкритериуми, индикатори и систем на бодување за приоретизирање на концептните белешки/предлози за финансирање

| Бр. | Критериуми | Опис на критериумите | Индикатор | Ранг на критериумите | |
|---|---|---|---|---|---|
| **К1** | **Потенцијал за влијание на проектот** | | | **К1**<br>**Тежина на кри-териум** | **5** |
| **К 1.1** | **Потенцијал за влијание** | Потенцијал на програмата/проектот значително да придонесе за намалување на емисиите или зголемување на отпорноста. Наведете го влијанието врз ублажувањето и/или адаптацијата на климатските промени, со доставување на споредливи национални одредници | 1. Проценето влијание за ублажување (во tCO2eq во текот на животниот век на проектот) или очекувано зголемување на бројот на домаќинства со пристап до енергија со ниски емисии.<br><br>2. Проценето влијание врз адаптацијата (број на директни и индиректни корисници како % од вкупното население расчленето според полот и видот на ранливост, промени во загубата на човечки животи, вредност на физичките средства, приходите и/или загуби во животната средина резултат на климатските непогоди). | 3 | Многу големо влијание врз ублажувањето /адаптацијата на климатските промени |
| | | | | 2 | Големо влијание врз ублажувањето /адаптацијата на климатските промени |
| | | | | 1 | Умерено влијание врз ублажувањето /адаптацијата на климатските промени |
| | | | | 0 | Многу мало влијание врз ублажувањето /адаптацијата на климатските промени |

| Бр. | Критериуми | Опис на критериумите | Индикатор | Ранг на критериумите | |
|---|---|---|---|---|---|
| К 1.2 | **Ублажување на еколошките и социјалните ризици** | Опис на нивото на преостанати ризици за медиумите на животна средина и ранливите групи од воведувањето на планираните мерки за ублажување | Ниво на преостанати ризици поврзани со проектот и соодветните мерки за ублажување дефинирани за исполнување на еколошките и социјалните гаранции | 3 | Не се идентификувани значителни ризици по прелиминарното испитување на еколошките и социјалните гаранции |
| | | | | 2 | Идентификувани се значителни ризици според категориите на еколошки и социјални гаранции и јасно се дефинирани мерките за нивно ублажување |
| | | | | 1 | Идентификувани се значителни ризици според категориите на еколошки и социјални гаранции и некои мерки за ублажување се дефинирани, но не се сеопфатни |
| | | | | 0 | Идентификувани се значителни ризици според категориите на еколошки и социјални гаранции, но нема дефинирано мерки за ублажување |
| **К2** | **Потенцијал за промена на парадигмата** | | | **К2 Тежина на критериум** | **5** |
| К 2.1 | **Долгорочна промена на политичко/ стратешко ниво како резултат на спроведувањето на проектот** | Степен до кој предложените активности може да предизвикаат влијание кое трае подолго од еднократната инвестиција во проектот и степен до кој спроведувањето на проектот ќе доведе до промена на политиките | Иницира промени во политиките, изработка на нови стратешки документи или нови регулативи<br><br>Степен до кој новата регулатива ќе влијае врз родовите прашања и ранливите групи | 3 | Долгорочно влијание (вклучително и врз родовите прашања и ранливите групи) |
| | | | | 2 | Среднорочно влијание (вклучително и врз родовите прашања и ранливите групи) |
| | | | | 1 | Краткорочно влијание (вклучително и врз родовите прашања и ранливите групи) |
| | | | | 0 | Нема влијание |

| Бр. | Критериуми | Опис на критериумите | Индикатор | Ранг на критериумите | |
|---|---|---|---|---|---|
| К 2.2 | **Потенцијал за зголемување и реплицирање и за ублажување и за адаптација и Потенцијал за знаење и учење** | Специфични вредности за зголемување и реплицирање и каков било потенцијал за споделување знаења или учење на ниво на проект или институција | Можност проектот да се повтори во повеќе региони во РСМ и Степен на споделување на научените лекции и искуствата стекнати од проектот<br><br>Процент на време посветено на родови прашања и ранливи групи за време на градењето капацитети | 3 | Висок потенцијал за реплицирање и знаењето ќе се сподели на национално ниво или пошироко |
| | | | | 2 | Умерен потенцијал за реплицирање и знаењето ќе се сподели на регионално ниво |
| | | | | 1 | Низок потенцијал за реплицирање и знаењето ќе се сподели на локално ниво |
| | | | | 0 | Нема потенцијал за реплицирање и знаењето нема да се сподели |
| К 2.3 | **Потенцијал за иновативност** | Опис на иновативни елементи и концепт во рамките на активностите на проектот | Степен на иновации и можности за таргетирање нови пазарни сегменти, развивање или усвојување нови технологии, деловни модели и/или процеси<br><br>Степен до кој активностите ќе ги мотивираат учесниците на пазарот преку намалување на трошоците и ризиците и ќе отворат можности за нискојаглеродни решенија | 3 | Многу иновативен пристап |
| | | | | 2 | Иновативен пристап на национално ниво (врз основа на адаптација на иновативна идеја во национален контекст) |
| | | | | 1 | Мал потенцијал за иновативност |
| | | | | 0 | Нема претставено иновативност |

| Бр. | Критериуми | Опис на критериумите | Индикатор | Ранг на критериумите | |
|---|---|---|---|---|---|
| **К3** | **Потенцијал за одржлив развој** | | | **К3**<br>**Тежина на кри-териум** | **4** |
| **К 3.1** | **Еколошки придобивки од проектот** | Опис на еколошките придобивки од спроведувањето на проектот (на пр. подобрување на квалитетот на воздухот, подобро управување со отпадот, заштита на биолошката разновидност, подобри екосистемски услуги, итн.) | Вид подобрувања во медиумите на животната средина и број на сектори/медиуми (на пр. воздух, вода, биолошка разновидност, квалитет на почва, квалитет на вода) | 3 | Придобивки за најмалку три медиуми на животна средина |
| | | | | 2 | Придобивки за два медиуми на животна средина |
| | | | | 1 | Придобивки за еден медиум на животна средина |
| | | | | 0 | Нема подобрувања на животната средина |

| Бр. | Критериуми | Опис на критериумите | Индикатор | Ранг на критериумите | |
|---|---|---|---|---|---|
| К 3.2 | **Економски и социјални придобивки од проектот** | Економски анализи за проектните активности и опис на економските придобивки;<br><br>Опис на подобрувањата во следниве области: здравство и безбедност, пристап до образование, социјална инклузија, подобра санитација, подобар пристап до енергија, подобрена заштита на културното наследство и на вредностите на заедницата<br><br>Подобрувања мерени според полова распределба: колку девојчиња, жени и други ранливи групи ќе имаат корист од подобрувањата. Дали нивните потреби се проценети пред да се осмислат мерките за подобрување? Дали различните улоги на жените и мажите се проценети во секое од подобрувањата? | Вкупен број на работни места (директни и индиректни) создадени со спроведување на проектот<br><br>Намален износ на буџетскиот дефицит на Владата<br><br>Развој и поддршка на конкурентноста на малите и средни претпријатија<br><br>Видови на подобрувања во социјалните области (образование, социјална инклузија, пристап до водоснабдување, здравствени установи и сл.) во РСМ | 3 | Високо ниво на економски придобивки и повеќе социјални подобрувања кои ги опфаќаат повеќето области (најмалку 3 области) |
| | | | | 2 | Умерено ниво на економски придобивки и социјални подобрувања во најмалку 2 области |
| | | | | 1 | Ниско ниво на економски придобивки и со спроведување на проектот ќе се постигнат само неколку мали социјални подобрувања |
| | | | | 0 | Нема економски придобивки и нема социјални подобрувања |

| Бр. | Критериуми | Опис на критериумите | Индикатор | Ранг на критериумите | |
|---|---|---|---|---|---|
| К 3.3 | **Родови придобивки** | Опис како родовата еднаквост ќе биде поддржана со спроведувањето на проектот и во колкава мера ќе бидат придобивките подеднакви.<br><br>Потенцијал за намалена родова нееднаквост пред влијанијата на климатските промени и/или еднакво учество на родовите групи во придонесување на очекуваните исходи | Подобрување на отпорноста и на родовата еднаквост при климатските промени и намалување на ранливоста (потенцијални ризици во спроведувањето на проектот, но и по завршувањето на проектот)<br><br>% на жени учеснички во активностите на проектот, % на жени корисднички, % на родово-чувствителни мерки предвидени со проектот, вид на афирмативни мерки предвидени за жените | 3 | Големи подобрувања |
| | | | | 2 | Умерени подобрувања |
| | | | | 1 | Мали подобрувања |
| | | | | 0 | Нема подобрувања |

| Бр. | Критериуми | Опис на критериумите | Индикатор | Ранг на критериумите | |
|---|---|---|---|---|---|
| **К4** | **Потреби на примателот** | | | **К4**<br>**Тежина на критериум** | **4** |
| К 4.1 | **Ниво на економски и социјални придобивки за целната популација** | Опис на нивото на социјален и економски развој на земјата и на целната популација (вклучително и за социо-економски ранлива популација). | % од социо-економската популација кој има придобивки од проектот (расчленето по пол, ниво на приход, итн.) | 3 | Висок % од социо-економската ранлива популација има придобивки од подобрениот економски и социјален развој како резултат на спроведувањето на проектот |
| | | | | 2 | Умерен % од социо-економската ранлива популација има придобивки од подобрениот економски и социјален развој како резултат на спроведувањето на проектот |
| | | | | 1 | Низок % од социо-економската ранлива популација има придобивки од подобрениот економски и социјален развој како резултат на спроведувањето на проектот |
| | | | | 0 | Социо-економски ранливата популација нема придобивки од подобрениот економски и социјален развој како резултат на спроведувањето на проектот |

| Бр. | Критериуми | Опис на критериумите | Индикатор | Ранг на критериумите | |
|---|---|---|---|---|---|
| К 4.2 | **Достапност на финансиски ресурси** | Опис на недостигот на извори за финансирање на проектот и зошто се пристапува кон ЗКФ | Можности за надминување на конкретните пречки за финансирање<br><br>Можност за обезбедување средства од други извори | 3 | Нема можност за привлекување други извори за финансирање |
| | | | | 2 | Мала можност |
| | | | | 1 | Голема можност за други извори за финансирање |
| | | | | 0 | Многу голема можност за комбинирање на различни извори на финансирање |
| К 4.3 | **Потреби за зајакнување на институ-ционалните капацитети** | Опис на можностите за зајакнување на институционалните капацитети и на капацитетите за спроведување во релевантните институции | Наведени активности за зајакнување на институционалните капацитети и на капацитетите за спроведување во институциите во РСМ<br><br>Во која мерка родовите аспекти се вклучени во активностите за зајакнување на капацитетите? | 3 | Големи можности за зајакнување на националната институција |
| | | | | 2 | Доволно опишани активности што водат кон подобрување на институционалните капацитети |
| | | | | 1 | Мали можности за подобрувања во релевантните институции |
| | | | | 0 | Нема опис на активности за зајакнување |

| Бр. | Критериуми | Опис на критериумите | Индикатор | Ранг на критериумите | |
|---|---|---|---|---|---|
| **К5** | **Сопственост од државата** | | | **К5**<br>**Тежина на критериум** | **3** |
| **К 5.1** | **Кохерентност со националната стратешка, регулаторна и правна рамка за климатски промени** | Опис на националниот контекст за спроведување на финансиран проект или програма (политики, регулативи, законодавство, стратегии за климата и институции) | Кохерентност и усогласеност на целите на проектот со приоритетите од националните политики, регулатива, законодавство и стратегии за климатски промени | 3 | Голема усогласеност и кохерентност со националните политики, регулативи, законодавство, стратегии и приоритети за климата |
| | | | | 2 | Делумна усогласеност и кохерентност со националните политики, регулативи, законодавство, стратегии и приоритети за климата |
| | | | | 1 | Несоодветна усогласеност и на проектот со националните политики, регулативи, законодавство, стратегии и приоритети за климата |
| | | | | 0 | Многу мала усогласеност на проектот со националните политики, регулативи, законодавство, стратегии и приоритети за климата |

| Бр. | Критериуми | Опис на критериумите | Индикатор | Ранг на критериумите | |
|---|---|---|---|---|---|
| К 5.2 | **Релевантност и усогласеност со националните развојни индикатори, овозможувачките политики и институционалните рамки** | Објаснување како предлог-проектот се вклопува во националната развојна агенда. | Усогласеност со релевантните национални развојни индикатори и/или овозможувачките политики и институционалните рамки | 3 | Целосно во согласност со веќе дефинираните развојни индикатори |
| | | | | 2 | Делумно во согласност со развојните индикатори |
| | | | | 1 | Мала усогласеност со развојните индикатори |
| | | | | 0 | Нема аргументи за исполнување на развојните индикатори |

| Бр. | Критериуми | Опис на критериумите | Индикатор | Ранг на критериумите | |
|---|---|---|---|---|---|
| К 5.3 | **Консултации со засегнатите страни** | Објаснување за вклученоста на различни засегнати страни, како и за улогата на ННО при изработка на концептната белешка /предлог-проектот.<br><br>Вклучување на граѓански организации и на други засегнати страни | До кој степен се консултираат или вклучуваат засегнатите страни во рамките на активностите на проектот (идентификувани се релевантни засегнати страни, број на засегнати страни, користени начини на комуникација, број на организирани настани и работилници, итн.)<br><br>Број на настани за жени и ранливи групи (на пр., обуки, работилници, состаноци, консултации)<br><br>Застапеност на жени и ранливи групи (процент на жени во однос на процент на мажи) кои учествуваат во иницијативи и настани за градење капацитети, настани за подигнување на свеста, информативни, консултативни настани | 3 | Идентификувани се сите релевантни засегнати страни и вграден е механизам за повратни информации |
| | | | | 2 | Идентификувани се повеќето заинтересирани страни и вграден е механизам за повратни информации |
| | | | | 1 | Идентификувани се некои заинтересирани страни и вграден е механизам за повратни информации |
| | | | | 0 | Не е опишано како се консултирани засегнатите страни |

| Бр. | Критериуми | Опис на критериумите | Индикатор | Ранг на критериумите | |
|---|---|---|---|---|---|
| **К6** | **Ефикасност и ефективност** | | | **К6**<br>**Тежина на критериум** | **3** |
| **К 6.1** | **Ефикасност и ефективност на проектот** | Економска и, доколку е применливо, финансиска издржаност на програмата/проектот, а за програми/проекти наменети за ублажување, трошковна ефективност и кофинансирање | Проценети трошоци по $tCO_2eq$. (вкупен инвестициски трошок/очекувано намалување на емисиите во текот на животниот век на проектот); очекуван обем на средства кои ќе се соберат со финансирањето од ЗКФ, расчленет по јавни и приватни извори | 3 | Ниски трошоци на проектните активности / инвестиции по единица намалување во $CO_2$ eq. |
| | | | | 2 | Умерени инвестициски трошоци наспроти придобивки |
| | | | | 1 | Високи трошоци за проектните активности / инвестиции по единица намалување во $CO_2$ eq. |
| | | | | 0 | Многу високи трошоци, или не се соодветно прикажани |
| **К 6.2** | **Капацитет на подносителот /АС да обезбеди средства од други извори/ кофинансирање и дополнителни придонеси за проектот** | Опис на можностите за комбинирање на различни извори за финансирање и очекуван обем на средства што ќе се соберат како резултат на финансирањето од ЗКФ | Удел на вкупната финансиска поддршка од ЗКФ во буџетот на проектот и јасно објаснување на другите финансиски извори што веќе се договорени | 3 | помалку од 25% |
| | | | | 2 | меѓу 25 и 50% |
| | | | | 1 | до 75% |
| | | | | 0 | меѓу 75 и 100% |

| Бр. | Критериуми | Опис на критериумите | Индикатор | Ранг на критериумите | |
|---|---|---|---|---|---|
| К 6.3 | **Применети технологии со најдобри практики** | Опис на предложените најдобри практики и степен на иновативни технички решенија во проектот | Ниво на технологии со најдобри практики кои се планира да се применат во проектот и главни придобивки што треба да се постигнат | 3 | Проектот вклучува висок % на технологии со најдобри практики |
| | | | | 2 | Проектот вклучува умерен % на технологии со најдобри практики |
| | | | | 1 | Проектот вклучува низок % на технологии со најдобри практики |
| | | | | 0 | Проектот не вклучува технологии на најдобри практики |

**Чекор 3б:** Конечна проверка во процедурата „Без-приговор“

| | |
|---|---|
| **Временска рамка** | 2 недели |
| **Одговорен орган** | ННО |

На крај, по доставување на предлог-проектот за финансирање до ННО, потребно е акредитираните субјекти и извршните субјекти да го претстават обемот, образложението и финансиската структура на предлог-проектот пред Националниот совет за одржлив развој. Доколку НСОР не добие поважни коментари за предлог-проектот, ННО ќе ја заврши последната проверка во процедурата „Без-приговор“ со препорака до Владата да го одобри предлог-проектот.

Последната проверка во процедурата „Без-приговор“ е последниот чекор за проверка на квалитетот со цел ННО да издаде писмо „Без-приговор“.

| **Последна проверка во процедурата „Без-приговор“** | |
|---|---|
| Дали предлог-проектот е оценет како подобен (според критериумите за подобност)? | ☐Да<br>☐Не |
| Дали предлог-проектот е вклучен во Работната програма на Северна Македонија? | ☐Да<br>☐Не |
| Дали за предлог-проектот се направени дискусии/консултации со целните заедници? | ☐Да<br>☐Не |
| Дали проектот е технички одобрен? | ☐Да<br>☐Не |
| Дали проектот ги има земено предвид сите коментари дадени при техничката проценка? | ☐Да<br>☐Не |
| Дали акредитираниот субјект го претставил предлог-проектот пред НСОР? | ☐Да<br>☐Не |

Доколку Владата на Република Северна Македонија го одобри предлог-проектот, ННО издава писмо „Без-приговор“. Образецот на писмото „без приговор“ е обезбеден од страна на ЗКФ и писмото може да го пополни само регистриран потписник од ННО.

Акредитираниот субјект е одговорен за поднесување на предлог-проектот заедно со сите придружни документи, вклучувајќи го и писмото „Без-приговор“ до Секретаријатот на ЗКФ на разгледување. Доколку АС добие коментари од страна на ЗКФ, или кога Одборот на ЗКФ ќе го одобри/отфрли предлог-проектот за финансирање, акредитираниот субјект веднаш ги пренесува овие информации до ННО.

Ако обемот/големината и образложението на предлог-проектот се променат како резултат на коментарите добиени од ЗКФ, АС е одговорен да ги извести ННО и целните заедници за новата структура/големина на предлог-проектот.

Доколку АС достави повеќе од една идеја/концептна белешка/предлог-проект за финансирање до ННО, за секој од овие предлог-проекти ќе се спроведуваат фазите на разгледување и проверка на квалитет и секој ќе се разгледува независно од останатите.

## Фаза 4: Спроведување и научени лекции

| | |
|---|---|
| **Временска рамка** | Тековно |
| **Одговорен орган** | ННО+ССК |

Со цел да се зајакнат капацитетите на национално ниво како резултат на соработката со ЗКФ, националните засегнати страни исто така ќе учат од искуствата стекнати при спроведување на финансираните проекти; а АС треба да ги спроведат следните чекори со цел да го информира ННО за статусот на спроведување/завршувањето/влијанието на проектот:

а) Акредитираниот субјект ги доставува до ННО Периодичниот извештај за напредок/Извештајот на завршување во форма кои се доставени до ЗКФ; а на веб-страницата на ННО се објавува резиме на овие извештаи со цел да се прикаже напредокот во конкретниот проект.

б) Акредитираниот субјект и извршните субјекти се грижат за информирање на целните заедници за спроведувањето на проектот, меѓу другото и преку свикување на состаноци со засегнатите страни;

в) По завршувањето на фазата за спроведување на проектот, АС на НСОР ќе му ги претстави клучните резултати и постигнатите влијанија од проектот, како и научените лекции од спроведувањето.

ННО ќе побара од АС да достави најнови податоци за спроведувањето на проектот двапати годишно (на секои 6 месеци); сепак доколку е потребно, во секое време ННО може да побара од акредитираниот субјект да достави информации за спроведувањето на проектот. Со овие активности се затвора циклусот, што овозможува повторување на најдобрите практики и учење од важните лекции научени во текот на спроведувањето. Дијаграмот подолу содржи детали за различните чекори што треба да се спроведат како дел од 4 фази за сопственост од државата во Република Северна Македонија:



# Листа на референци

**Зелен климатски фонд**. 2011. *Инструмент за управување на Зелениот климатски фонд.*
Достапно на: https://www.greenclimate.fund/documents/20182/1246728/Governing_Instrument.pdf/caa6ce45-cd54-4ab0-9e37-fb637a9c6235?version=1.14

**Зелен климатски фонд**. 2016. *Насоки за сопственост од страна на државата, GCF/B.15/06.*
Достапно на: https://www.greenclimate.fund/documents/20182/490910/GCF_B.15_06_-_Country_Ownership_Guidelines.pdf/1dd8b4d1-3478-4ab4-a2fc-a94c6151d768?version=1.0

**Зелен климатски фонд**. 2016. *Одлука GCF/B.08/45, Анекс XIII, Почетни насоки за најдобри практики за избор и воспоставување на национални назначени органи и точки за контакт.*
Достапно на: https://www.greenclimate.fund/documents/20182/466886/Best_Practices_Guidelines_for_NDA_FP_Selection_and_Establishment.pdf/ad4834dc-53ff-4799-801e-1e1b9f1b41cf?version=1.2

**Зелен климатски фонд**. 2016. *Одлука GCF/B.15/45, Анекс XIV, Почетни опции за најдобри практики за координација на земјата и вклученост на повеќе засегнати страни.*
Достапно на: https://www.greenclimate.fund/documents/20182/466886/Best_Practices_for_Country_Coordination_and_Multi-Stakeholder_Engagement.pdf/585960fa-8e8d-4078-a313-f5575db240f0?version=1.2

# Анекс 1: Образец за проектна идеја

## Проектна идеја

| Наслов: |
|---|

## Белешка за проектна идеја

Овој образец за проектната идеја може да го користат подносителите кои ќе решат да доставaт Белешка за проектна идеја за да ја разгледа Националниот назначен орган, или пак подносителите кои се заинтересирани да одговорат на конкретен повик за доставување на предлог-проекти објавен од ННО.

ННО ќе ја разгледа Проектната идеја согласно веќе утврдени критериуми за подобност, и само подобните проектни идеи ќе бидат прифатени и вклучени во Работната програма на државата. ННО ќе испрати писмо за потврда до сите подносители за да ги извести или за прифаќањето на идејата, или да ги информира за одбивањето на проектната идеја со препораки за подобрување на истата.

Подносителите на прифатените проектни идеи ќе се охрабрат понатаму да ја разработат идејата во концептна белешка во обрасците на ЗКФ и во тесни консултации со претставниците на ННО. Во фазата на концептна белешка, треба да се идентификува акредитиран субјект кој ќе помогне за изработка и спроведување на предлог-проектот согласно својата област на делување, критериумите за акредитација на конкретниот акредитиран субјект, големината на проектот кој треба да го спроведува овој субјект, област/сектор на експертиза и категорија на еколошки и социјални ризици со кои може да се справи субјектот.

Проектните идеи се доставуваат на англиски јазик во електронскиот образец до кој може да се пристапи на www.greendevelopment.mk, во согласност со Упатството дадено од страна на ННО во Повикот за предлог-проекти.

Деталните упатства за пополнување на овој образец и другите информации за работата на Зелениот климатски фонд се достапни на интернет-страницата: www.greendevelopment.mk.

| **Општи информации за проектот** | |
|---|---|
| **Наслов на проектот:** | |
| **Проект или програма** | ☐ **Проект**<br>☐ **Програма** |
| **Времетраење на проектот** *(месеци):* | |
| **Географска локација на проектните активности** *(Ве молиме во Прилогот прикачете и мапа):* | |
| **Субјект/и кои ќе го спроведуваат** *(назив, вид на организација, адреса, лица за контакт) Ве молиме во Прилог вклучете и листа на вработени од секој субјект кои ќе работат на спроведувањето на проектот (расчленети по пол и образование)* | Наслов:<br>Вид на организација:<br>Адреса:<br>Лице за контакт:<br>Телефон/адреса за е-пошта: |
| **Претходно искуство во спроведување слични проекти** *(слични во однос на сложеноста, трошоците и времетраењето)* | *Ве молиме наведете најмалку два завршени слични проекти со информации за проектните трошоци, целта на проектите, главни корисници и главни резултати. Може во прилог да дадете и Референтна листа која ќе содржи порелевантни податоци за претходни слични искуства* |
| **Статус на проектот:** | ☐ **Целосен предлог-проект**<br>☐ **Концептна белешка**<br>☐ **Белешка за проектна идеја** |
| **Фокус на проектот врз климата и области на резултати** | |
| **Област на која се фокусира проектот:** | ☐ **Ублажување**<br>☐ **Адаптација**<br>☐ **Опфаќа повеќе сектори** |

| | |
|---|---|
| **Стратешки области за резултати на Зелениот климатски фонд**<br>*(Кој од слединте области во фокусот на ЗКФ ги опфаќа предложениот проект?)*<br><br>*Ве молиме означете ги најрелевантните* | **Ублажување**<br><br>Преку намалување на емисиите на стакленички гасови:<br>☐ **Пристап до енергија и генерирање електрична енергија** *(На пр. пристап до во-мрежа, микро-мрежа, надвор-од-мрежа, каде електричната енергија се генерира од обновливи извори на енергија, односно сонце, ветер, геотермални води итн.)*<br>☐ **Транспорт со ниски емисии** *(на пр. брза железница, брз автобуски систем)*<br>☐ **Згради, градови, индустрии и уреди** *(На пр. нови и реновирани енергетски ефикасни згради, енергетски ефикасна опрема за компании и управување со синџирот за добавување)*<br>☐ **Шумарство и употреба на земјиштето** *(На пр. заштита и управување со шумите, наводнување, пречистување на води и управување со водите итн.)*<br><br>**Адаптација**<br><br>Со зголемување на отпорноста во следните сфери:<br>☐ **Најранливи луѓе и заедници** *(На пр. ублажување на негативните ризици од климатските промени, развој на системи за рано предупредување, развој на системи за осигурување итн.)*<br>☐ **Здравје и добросостојба и обезбеденост со храна и вода** *(На пр. обезбедување чиста вода за пиење на населението, спроведување на технологии за заштеда на вода итн.)*<br>☐ **Инфраструктура и изградена средина** *(На пр. инфраструктура за заштита од лизгање на земјиштето и лавини, системи за климатизација, отпорни патни мрежи итн.)*<br>☐ **Екосистеми и екосистемски услуги** *(На пр. заштита и управување со екосистеми, екотуризам итн.)* |

| **Опис на проектот (најмногу 3 страници)** | |
|---|---|
| **Севкупна цел на проектот:** | |
| **Конкретни цели на проектот** | *(ако е можно дефинирајте ги специфичните цели поврзани со родови и малцински прашања и со климатските промени)* |
| **Главен корисник на проектот** (директен и индиректен) расчленето по вид на ранливост | |
| **Кратко оправдување на проектот** (кохерентност и усогласеност со националните климатски приоритети и со развојните стратегии, како и со националните ЦОР) | |
| **Накратко опишете го проблемот со ублажување/ адаптација кој се планира да се реши со проектот** | (ве молиме, наведете прашања релевантни за родовите и за ранливите групи ) |
| **Наведете ги предложените проектни активности што ќе ги решаваат горенаведените проблеми и идентификувани пречки кои ќе доведат до очекуваните резултати** | (Ве молиме наведете доколку предложените активности/процеси или технологии што ќе се применуваат се иновативни. Исто така објаснете како жените, граѓанските организации, академските установи, компаниите и другите засегнати страни ќе бидат вклучени во текот на спроведувањето на проектните активности) |
| **Накратко опишете ги очекуваните исходи како и економските (во евра), социјалните, климатските/ еколошките очекувани резултати, како и резултатите во однос на родовите прашања** | (на пр. број на ново-создадени работни места, тони намалени емисии на $CO_2$ eq., проценето влијае врз адаптацијата - број на директни/индиректни корисници како процент од вкупното население, на кој начин проектот ќе се осврне на прашањата поврзани со родот и ранливите групи?) |
| **Наведете ако има потенцијал за реплицирање на проектните активности во друг регион или во соседна земја, и дали може да се користат резултатите од проектот** | |

| | |
|---|---|
| **Објаснете зошто е потребно да се финансира проектот:** | *(на пр. објаснете зошто овој проект не се финансира со домашни ресурси од јавниот и /или приватниот сектор(и))* |
| **Финансиски аспекти на проектот** | |
| **Индикативна вкупна вредност на проектот (евра):** | |
| **Индикативен износ кој се бара од ЗКФ (евра):** | |
| **Предвидено ко-финансирање** (ако има) – евра или % од вкупниот износ на проектот | |
| **Вид на финансиски инструмент што се бара:** | ☐ **Грант**<br>☐ **Заем**<br>☐ **Друго** ___________________ |
| **Други финансиски извори кои делумно ќе ги покријат вкупните трошоци за проектот:** | |

| | |
|---|---|
| **Информации за подносителот** | |
| **Име на организацијата/институцијата која го поднесува предлог-проектот:** | |
| **Вид на организација/институција:** *(јавна (владина), компанија, НВО, меѓународна организација, академска установа итн.)* | |
| **Адреса:** *(улица, број, поштенски број)* | |
| **Лице за контакт:** | |
| **Позиција:** | |
| **Контакт** *(телефон и е-пошта):* | |
| **Датум на поднесување** на белешката за проектна идеја за да ја разгледа ННО | |

# Анекси

## Документи за поддршка на БЕЛЕШКАТА ЗА ПРОЕКТНА ИДЕЈА:

**ПРИЛОГ 1**

**ПРИЛОГ 2**

**ПРИЛОГ 3**

# Анекс 2а: Образец на писмо за потврда на проектна идеја

**До:** (име на подносителот/АС)

[Место], [датум]

**Предмет:** Потврда за подобност на проектна идеја поднесена за финансирање од Зелениот климатски фонд

Почитувани,

Кабинетот на заменикот претседател на Владата на Република Северна Македонија, во улога на Национален назначен орган (ННО) упатува на проектната идеја [име на проектната идеја] поднесена од страна на [име на подносителот на проектот/акредитираниот субјект].

Во согласност со чекорите и критериумите дефинирани како дел од процедурата „Без-приговор" на Северна Македонија за проекти на Зелениот климатски фонд (ЗКФ), Ве известуваме дека ја разгледавме вашата проектна идеја и со ова потврдуваме дека истата е подобна за понатамошен развој во концептна белешка/предлог-проект за финансирање.

Доставувањето на оваа потврда значи дека:

а) Поднесената идеја ќе биде вклучена во листата на проекти кои ќе се достават до ЗКФ како дел од Работната програма на Северна Македонија;

б) Подносителот се охрабрува да продолжи со изготвување на Концептна белешка за идејата и да ја достави до ННО за понатамошно разгледување согласно процедурата „Без-приговор" на Северна Македонија;

в) Подносителот мора да се осигури дека постојат потребните партнерства, меѓу кои и со релевантниот акредитиран субјект и кофинансиерите, за да се финализира Концептната белешка;

Истакнуваме дека ова писмо претставува само потврда за подобност на проектната идеја и дека подносителот мора да ги исполни сите преостанати релевантни чекори за да се стекне со писмо „Без-приговор".

За дополнителни коментари и прашања, контактирајте нè на официјалната адреса за е-пошта на ННО: Daniel.Josifovski@gs.gov.mk.

Со почит,

Име:____________________

Функција:____________________

# Анекс 2б: Образец на писмо за одбивање на проектна идеја

**До:** (име на подносителот/акредитираниот субјект)

[Место], [датум]

**Предмет:** Известување за неподобност на проектна идеја поднесена за финансирање од Зелениот климатски фонд

Почитувани,

Кабинетот на заменикот претседател на Владата на Република Северна Македонија, во улога на Национален назначен орган (ННО) упатува на проектната идеја [име на проектната идеја] поднесена од страна на [име на подносителот на проектот/акредитираниот субјект].

Во согласност со чекорите и критериумите дефинирани како дел од процедурата „Без-приговор“ на Северна Македонија за проекти на Зелениот климатски фонд (ЗКФ), Ве известуваме дека ја разгледавме вашата проектна идеја и со ова Ве известуваме дека истата не е подобна за понатамошна разработка во концептна белешка/предлог-проект за финансирање.

Доставувањето на ова известување за неподобност значи дека:

а) Поднесената идеја нема да биде вклучена во листата на проекти кои ќе се достават до ЗКФ како дел од Работната програма за Северна Македонија;

б) Подносителот се охрабрува внимателно да го разгледа приложениот извештај и да ги земе предвид дадените коментари.

Истакнуваме дека ова писмо претставува само известување за неподобност на проектната идеја онака како што е доставена. По потреба, подносителот може да достави ажурирана верзија на проектната идеја, но само доколку целосно се земени предвид сите коментари и обемот и релевантноста на идејата се во согласност со приоритетите и потребите, согласно наведеното во извештајот од разгледувањето.

За дополнителни коментари и прашања, контактирајте нè на официјалната адреса за е-пошта на ННО: Daniel.Josifovski@gs.gov.mk.

Со почит,

Име:____________________

Функција:____________________

# Анекс 2в: Образец на писмо за прифаќање (техничка проверка)

**До:** (име на подносителот/акредитираниот субјект)

[Место], [датум]

**Предмет:** Известување за прифаќање на концептната белешка за проект поднесена за разгледување до ННО

Почитувани,

Кабинетот на заменикот претседател на Владата на Република Северна Македонија, како Национален назначен орган (ННО) упатува на проектната идеја [име на проектната идеја] поднесена од страна на [име на подносителот на проектот/акредитираниот субјект].

Во согласност со чекорите и критериумите дефинирани како дел од процедурата „Без-приговор" на Северна Македонија за проекти на Зелениот климатски фонд (ЗКФ), Ве известуваме дека ја разгледавме концептната белешка и истата е прифатена за понатамошна разработка во целосен предлог-проект за финансирање и преминување во последната фаза од процедурата „Без-приговор".

Доставувањето на ова писмо за прифаќање значи дека:

а) ННО и Стратешкиот советодавен комитет технички ја одобрија доставената концептна белешка;

б) Предлагачот се охрабрува да продолжи со изготвување на целосен предлог-проект за финансирање и да го достави до ННО за конечна проверка, како дел од процедурата „Без-приговор" на Северна Македонија

в) Подносителот мора да ги обезбеди сите релевантни придружни документи како што се Студијата на изводливост, Проценката на еколошките и социјални ризици и писмата за кофинансирање, кои ќе се достават до ЗКФ откако Владата на Република Северна Македонија ќе издаде писмо „Без-приговор".

ННО истакнува дека ова писмо е само известување за прифаќање на поднесената концептна белешка за проектот и дека подносителот мора да ги исполни сите преостанати релевантни чекори за да се стекне со писмо „Без-приговор".

За дополнителни коментари и прашања, контактирајте нѐ на официјалната адреса за е-пошта на ННО: Daniel.Josifovski@gs.gov.mk.

Со почит,

Име и презиме:____________________

Функција:______________________

# Анекс 2г: Извештај од оценување на предлог-проекти во различни фази од процедурата „Без-приговор“

**Извештај од разгледување**

**Административна проверка и проценка за квалификуваност на проектни идеи**

**I. Основни информации**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Наслов на проектната идеја:** | | | | | |
| **Име на подносителот** | Внесете име на институцијата | | | | |
| | Лице за контакт од подносителот | | | | |
| | Функција на лицето за контакт од подносителот | | | | |
| **Вид на предлог:** | | | | | |
| **Институција што го спроведува/ акредитиран субјект:** | | | | | |
| **Проценет износ на проектот (УСД):** | УСД | | | **Број на коментари** | **Забелешки** |
| **Очекувано времетраење:** | | | | | |
| **Датум на 1. поднесување:** | Кликнете или допрете за да внесете датум | **Датум на 1. проценка:** | Кликнете или допрете за да внесете датум. | | |
| **Датум на 2. поднесување:** | Кликнете или допрете за да внесете датум | **Датум на 2. проценка:** | Кликнете или допрете за да внесете датум. | | |
| **Датум на 3. поднесување:** | Кликнете или допрете за да внесете датум. | **Датум на 3. проценка:** | Кликнете или допрете за да внесете датум. | | |

## II. Контролна листа за преглед на документацијата

| Целосност на деловите | Дали делот е целосен? | |
|---|---|---|
| Дел 1: Општи информации за проектот | ☐Да | ☐Не |
| Дел 2: Фокус врз климата и области на резултати | ☐Да | ☐Не |
| Дел 3: Опис на проектот | ☐Да | ☐Не |
| Дел 4: Финансиски аспекти на проектот | ☐Да | ☐Не |
| Дел 5: Информации за подносителот | ☐Да | ☐Не |
| Анекси | | |

## III. Извештај од разгледување (1. поднесување)

| Проценка за подобност | Да | Не |
|---|---|---|
| Дали целите на проектната идеја се усогласени со целите во националните политики и стратегии за клима? | ☐ | ☐ |
| Дали проектната идеја е усогласена со релевантните национални развојни индикатори, политики и институционални рамки? | ☐ | ☐ |
| Дали проектната идеја е во согласност со барем една од осумте стратешки области на ЗКФ? | ☐ | ☐ |
| Дали проектната идеја обработува проблеми поврзани со родова еднаквост и ранливи групи? Дали опишува како отпорноста/ублажувањето на климатските промени подеднакво влијае врз мажите и жените? Дали обезбедува дека активностите на проектот ќе носат еднакви придобивки и за жените? | ☐ | ☐ |

| Дел | Коментари на ЗКФ | Одговори од подносителот |
|---|---|---|
| **Општо** | | |
| | | |
| | | |
| **Дел 1: Општи податоци за проектот** | | |
| | | |
| | | |
| **Дел 2: Фокус врз климата и области на резултати** | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| **Дел 3: Опис на проектот** | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| **Дел 4: Финансиски аспекти на предлог-проектот** | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| **Дел 5: Податоци за подносителот** | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

## IV. Дополнително разгледување (2. поднесување – уредете според потребите)

| Дел | Коментари на ЗКФ | Одговори од подносителот |
|---|---|---|
| Општо | | |
| | | |
| | | |
| Дел 1: Општи податоци за проектот | | |
| | | |
| | | |
| Дел 2: Фокус врз климата и области на резултати | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| **Дел 3: Опис на проектот** | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| **Дел 4: Финансиски аспекти на предлог-проектот** | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| **Дел 5: Податоци за подносителот** | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

# Процедура „Без-приговор“ за Република Северна Македонија

ISBN 978-92-5-132057-0

9 789251 320570

CA7327MK/1/12.19